- Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за објекти со основна класа на намена Г2-лесна индустрија на КП 3523/4, КО Кавадарци, Општина Кавадарци, со тех.бр. Y26614.

Трасата се граничи со издадени:

- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, Г3-Сервиси, и Г4-Стоваришта, КО Марена и КО Глишиќ, општина Кавадарци, со тех.бр. Y17510i.
- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Глишиќ, општина Кавадарци, со тех.бр Y09016i.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на идниот економски развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности.**
- **Изградбата на сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.**

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- **Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.**
- **При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- **За наводнување на обработливите површини во В.П "Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ха, а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ха. При изработка на планската документација и реализацијата на трасата на пешачката и велосипедска патека во КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и да се предвидат мерки со што ќе се избегнат можните конфликти во функционирањето на објектите.**

Енергетска инфраструктура

- **Низ локацијата со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, минува постојниот преносен 110kV далновод Кавадарци-Тиквеш, постојниот преносен 110kV далновод Кавадарци-Прилеп1 и постојниот преносен 110kV далновод ХЕЦ Тиквеш-ФЕНИ-Дуброво заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).**
- Локацијата **со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци,** нема конфликт со останатите постојни и планирани енергетски водови.
- За електроенергетските корисници потребно е да се обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Иницијативата за предвидената локација со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека, КО Кавадарци-вон град,**

КО Глишиќ, Општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржлив развој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Домување

– Инцијативата за предвидената локација со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, е во функција на концептот кој нуди можност за понуда на квалитетни услуги во функција на развој на *спортот и рекреацијата* која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

Јавни функции

– **Предложениот простор со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, потикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на развој на спортот и рекреацијата.**

Сообраќајна инфраструктура

– **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**

  А1 (М-1) - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).

– **Релевантен регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака:**

  Р1107 - (Градско-врска со А1-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово-врска со А3 и делница Мајдан-гр.со Р.Грција).

– **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

– **Локацијата со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**

- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.**
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природното наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ,**

Општина Кавадарци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

- **Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[3] на подрачјето на катастарските општини Кавадарци и Глишиќ има регистрирани и евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.**
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точната локација на евидентираното и регистрираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- **Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива (Закон за заштита културното наследство - „Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.**

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Средно - Вардарски туристички регион во којшто се утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и припаѓа во транзитниот коридор.**
- Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за условите за планирање на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.**
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.

[3] МАНУ Скопје, 1996г.

- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.**

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:

- Центар на макрорегион
- Центар на микрорегион
- Центри на просторно-функционални единици
- Управа
- Просторно-функц. единици
- Граници на влијанија на макрорегион. центри
- Општински центар

Образование
- Средно
- Вишо
- Високо

Здравствена заштита
- 2 Секундарна
- 3 Терцијална

Оски на развој
- источна
- јужна
- север-југ
- северна
- западна

- Слободна економ.зона
- Автопат
- Магистрален пат
- Регионален пат
- Железничка мрежа
- Воздухоплов. пристан.
- Стопански аеродром
- Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Извориште
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани

Далноводи
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

Трафостаници
- 110 kV
- 220 kV
- 400 kV

- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1017/2023

Дата: 10-05-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Кавадарци ѝ се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци - вон град., КО Глишиќ, Кавадарци.**

- Вкупната должина на трасата изнесува 0,8 км.
- **Должината за која што се издаваат овие Услови за планирање на просторот изнесува 0,78 км**.
- Останатиот дел од трасата навлегува во веќе издадени Услови за планирање на просторот со тех. бр.: Y18515, Y26614, Y17510i и 09016i.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y43122** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 225/20).

4. Условите за планирање на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци - вон град., КО Глишиќ, Кавадарци содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и **заклучни согледувања со обврзувачка активност** од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци - вон град., КО Глишиќ, Кавадарци, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Кавадарци, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 45594 од 05.09.2022 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци - вон град., КО Глишиќ, Кавадарци.

Согласно член 42, став 8 од истоименио закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци - вон град., КО Глишиќ, Кавадарци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1017/2023 од 04.05.2023 година.

Условите за планирање на просторот со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци - вон град., КО Глишиќ, Кавадарци претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 15 дена од приемот на решението.

МИНИСТЕР
Катја Шукова

Изготвил: Дејан Гаврески

Одобрил: Соња Фурнаџиска

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, НА КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527,

КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД,

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. 18515

Скопје, Декември 2015

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, НА КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527, КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА Р. МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Кавадарци

Тех.бр. 18515
Е.бр. Y18515

Раководител на задачата:
м-р Маја Доновски Лукаревска, дипл.инж.арх.

Агенција за планирање на просторот

Директор:
Љупчо Георгиевски, дипл.инж.арх.

Скопје, Декември 2015

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ СО КЛАСА НА НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА И НЕЗАГАДУВАЧКА ИНДУСТРИЈА, НА КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527,

КО КАВАДАРЦИ ВОН ГРАД,

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 11.06.2004 година, го донесе Просторниот план на Р. Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот План се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Имајќи ја предвид важноста на Просторниот план, со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 39/04).

Со Законот се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.

Според член 4 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје како и со урбанистички планови за населените места и **друга документација за планирање и уредување на просторот**, предвидена со закон.

За изготвување и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава **Решение за Услови за планирање на просторот.**

Условите за планирање на просторот, според овој Закон, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија од планската документација од повисоко ниво и графички прилог или прилози кои ги прикажуваат решенијата на Планот.

Во конкретниот случај Условите се работат за изработка на ЛУПД за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, на КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци.

Површината на планскиот опфат изнесува 2,46 ха.

Предметната локација се наоѓа на земјоделско земјиште (I и II класа).

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со **Просторниот план на Република Македонија**.

Основни определби на Просторниот план

Основната **стратешка определба** на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и **обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.**

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво.

Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство **и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.**

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.**

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на **унапредувањето и заштитата на животната средина.** Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови





Општинска граница

Катастарска граница

подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) - 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда - 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C (август) и апсолутна минимална температура -17,8°C (јануари).

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи - 437 мм, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2 мм - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5 мм - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум - 97 мм. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден во годината, просечно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93 см.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките север и северо-запад.

Струењата од северна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 145‰, средна јачина 2 бофори, максимална јачина 10 бофори, просечна брзина 2,2 - 3,4 м/сек, максимална регистрирана јачина 27,5 м/сек.

Струењата од северо-запад имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 118‰, средна јачина 1,8 бофори, максимална регистрирана јачина 8 бофори, просечна брзина 2,6 м/сек.

Податоците се од мерна станица Кавадарци.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;

- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно просторниот план на Република Македонија просторот на РМ е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони**. **Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони и зафаќа земјоделско земјиште I и II класа.**

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација, односно проект за инфраструктура предвидени согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планската програма за урбанистички план, државна и локална урбанистичко планска документација, односно за одобрување на проектот за инфраструктура, пред одобрување на истите, до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на производните и услужни дејности во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на економските дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Република Македонија во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори во Државата.

Концепцијата на просторната организација на производните и услужни дејности поаѓајќи од објективните фактори, пазарните услови, доминацијата на приватната сопственост во економскиот систем и одлуките на државните и локалните органи, се остварува како комбинација на концентрацијата на стопанството на одделни места и дисперзија во просторот кои се комплементарни приоди во развојот и просторната разместеност на економските дејности.

Со разместувањето на економските капацитети и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е градот Кавадарци со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Р. Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантни за општината Кавадарци каде припаѓа планскиот опфат на стопанскиот комплекс се две развојни оски: "Јужната развојна оска" и оската "Север-југ".

"Јужната развојна оска" која што досега е ретко споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип - Кочани- Делчево и продолжува кон Благоевград во Р. Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р. Албанија.

Развојната оска "Север-југ" минува по средината на територијата на земјата, следејќи го од Скопје на југ течението на реката Вардар. Формирана е историски во текот на целиот XX век, па и порано, а на југ, преку границата стигнува до Солун. По Првата светска војна таа продолжи и на север, па се спои со оската по течението на реката Морава. Денес, на територијата на земјата ги поврзува градовите: Куманово - Скопје - Велес - Неготино (и Кавадарци) - Демир Капија - Валандово - Гевгелија. На север од Скопје има и еден крак до Приштина. Какви промени и да се случат, во наредните децении оваа оска ќе остане главна.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производните и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, **заштита на природните и создадени ресурси и богатства**, сообраќајно и информатичко поврзување, **локациона флексибилност** и почитување на објективните фактори на развојот.

Реализацијата на ЛУПД за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Кавадарци, вон град во општина Кавадарци со површина на планскиот опфат од 2,46 ха, ќе биде во функција на развој на локалната економија. Меѓутоа, појдовна поставка за просторниот и регионалниот развој е дека за просторното и урбанистичкото планирање не се доволни сознанијата за развитокот на

стопанството во земјата, туку треба да се согледаат и да се предвидат и последиците од тој развиток врз неговото разместување во просторот.

Според определбите на Просторниот план, идниот развој и разместеност на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија на производните процеси и технологии врз животната и работна средина.

При изработката на ЛУПД треба да се има во предвид дека на северната страна од планскиот опфат на локацијата на оддалеченост од само неколку метри се наоѓа планскиот опфат на локација со намена Г2 за која се изработени Услови за планирање на просторот со техн. бр. У26614.

Наведената забелешка има за цел обезбедување меѓусебна компатибилност на намените во планските опфати кои се наоѓаат во близина.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Р. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води".

Со цел точно да се согледаат расположивите и потребните количини на вода во Републиката согласно Просторниот план на Р. Македонија во сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко"и "Дебар".

Планскиот опфат на стопаснкиот комплекс за лесна индустрија КО Кавадарци, општина Кавадарци, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Среден Вардар", кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на река Пчиња до водомерниот профил "Демир Капија", без сливовите на реките Брегалница и Црна Река. На ова ВП припаѓаат десните притоки на реката Вардар: реките Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, во ВП "Среден Вардар" изградени се акумулациите "Младост" на река Отавица и "Лисиче" на река Тополка. Основна намена на водите од акумулацијата "Младост" е наводнување на обработливите површини и заштита од поплави и нанос. Од акумулацијата "Лисиче" се обезбедува вода за населението во градот Велес.

Во идниот период во ВП "Среден Вардар"се предвидува изградба на акумулациите: "Велес", "Бабуна II", "Згрополци", "Градско", "Кукуречани", "Криволак", " Дуброво" и "Демир Капија" на реката Вардар, акумулациите "Бабуна" на р. Бабуна и "Венец" на р. Изворчица и акумулацијата "Барово" на реката Бошава.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и зачувување на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони (доколку стопанскиот комплекс не се приклучи на водоснабдителната мрежа на градот Кавадарци);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со системот за водоснабдување;
- Примена на технологии кои бараат мали количини на вода во производниот процес;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарот и квалитетот на водата.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на подземните и површинските води. За таа цел потребно е стриктно да се спроведува принципот на "заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Отпадните води да се испуштат во најблискиот реципиент по соодветен третман, односно од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

За наводнување на обработливите површини во В.П "Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ха., а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ха. Изворници за наводнување се планираните акумулации, реката Вардар, Црна Река и р. Бошава. При изработка на планската документација за стопанскиот комплекс површините за сите содржини теба да се барат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на неговата трансформација во неземјоделско земјиште.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Македонија се планира

подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија.

Постојниот 400kV вод Дуброво-Штип минува далеку на исток од локацијата за стопански комплекс и немаат конфликт.

Постоните и планирани 110kV водови од преносната мрежа на РМ, немаат конфликт со локацијата за стопански комплекс и минуваат далеку од неа. Така 110kV вод Каварадци-Тиквеш минува на 65м западно од локацијата за стопански комплекс во КО Кавадарци.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденио крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-1 Клечовце-Штип-Неготино со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на овој гасовод минува на 2км северно од локацијата за стопанскиот комплекс и немаат конфликт.

Изграденио нафтовод Солун-Скопје минува на 3км северно од стопанскиот комплекс и немаат конфликт.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и

како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Кавадарци на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 38.741 жители, од кои 43,1% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Изградба на објекти од класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот. Ефикасната инфраструктурна опременост на населените места,

треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план со концепцијата на **домувањето** за идниот период се надминува досегашната поларизација на урбаниот развој која доведе до создавање на големи урбани центри кои станаа жаришта на стопанскиот развој што ги зголеми нивните станбени инфраструктурни и други потреби додека руралните населби населението ги напушташе привлечено од моќта на големите градови.

За останатиот дел кој е надвор од границите на одобрена планска документација, издадени се Услови за планирање на просторот (технички број Y43122) од страна на Агенција за планирање на просторот и Решение за услови за планирање на просторот (арх.бр. УП1-15 1017/2023).

Во случаите кога урбанистичкиот проект од став 6 кој содржи елементи од различни урбанистички проекти а содржи и елементи од урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за негова изработка и одобрување се применуваат одредбите за урбанистички проект од член 58 став 6 од Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М 32/20).

3. Податоци за природни чинители

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата,а без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

- **Природни и климатски карактеристики**

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација во КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, се наѓа северно од населено место Кавадарци на надморска височина од 265-295 m.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура, на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август- најниска просечна месечна температура, јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над O^0C; број на мразни денови (под O^0C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C **и** апсолутна минимална температура-17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули **и** август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи - 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум - 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток.

Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168%0, просечна брзина 2,0m/s максимална јачина 7 бофори.

Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142%0, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/s. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425%0.

- **Сеизмички појави**

Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

3. Податоци за создадени вредности и чинители

Создадените вредности, како чинители кои можат да влијаат врз развојот на просторот во рамките на опфатот, го опфаќаат демографскиот состав, начинот на животот на населението, економскиот развој, сообраќајна поврзаност, инфраструктура, културноисториско, здравствено-социјални како и употребата на земјиштето во рамките на проектниот опфат.

- **Економски основи на просторниот развој**

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на економските дејности во Просторниот план на РМ се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како **и** политиката за порамномерна **и** порационална просторна организација на производните **и** услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминирана од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности. Во тој контекст, изградбата на сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.

Објективно, економскиот развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите , треба да се истакне и занечењето на определбата за продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и градба на нови инфраструктурни објекти но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Кавадарци со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Уславите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

- **Водостопнаство и водостопанска инфраструктура**

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Република Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за

"воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води".
Со цел точно да се согледаат расположливите и потребните количини вода во Републиката согласно Просторниот план на Република Македонија сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко" и "Дебар".

Трасата на пешачката и велосипедска патека во КО Кавадарци вон град и КО Глишиќ, Општина Кавадарци, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Среден Вардар", кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на река Пчиња до водомерниот профил "Демир Капија", без сливовите на реките Брегалница и Црна Река. На ова ВП припаѓаат десните притоки на реката Вардар: реките Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, во ВП "Среден Вардар" изградени се акумулациите "Младост" на река Отавица и "Лисиче" на река Тополка. Основна намена на водите од акумулацијата "Младост" е наводнување на обработливите површини и заштита од поплави и нанос. Од акумулацијата "Лисиче" се обезбедува вода за населението во градот Велес.

За наводнување на обработливите површини во В.П "Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ха, а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ха. Изворници за наводнување се планираните акумулации, реката Вардар, Црна Река и р. Бошава. При изработка на планската документација и реализацијата на трасата на пешачката и велосипедска патека во КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ.

- **Користење и заштита на земјоделско земјиште**

Зачувувањето, заштитата ирационалното користење на земјоделско земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми; Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска
  намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;

Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно- медитерански со 10 микрореони.
При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

- **Енергетика и енергетска инфраструктура**

Од аспект на енергетиката и енергетската инфраструктура со Просторниот план на Република Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Републиката. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство.
Според статистичките податоци последниве години во Републиката над 30% од потрошената електрична енергија е од увозно потекло за што се одвојуваат големи девизни средства. Зголемената потрошувачка на енергетски горива ја наметнува потребата од подобрувањето на енергетската ефикасност. Европската регулатива "Европа 2020" за паметен, одржлив и сеопфатен развој предвидува мерки за намалување на емисиите на издувни гасови, зголемување на користењето на обновливи извори на енергија и зголемување на енергетската ефикасност. Имплементирањето на овие мерки, 1<:е придонесе за подобра односно поквалитетна иднина за следните генерации, отворање на нови работни места, а истовремено се обезбедуваат услови за одржлив развој. Со рационално искористување на енергетските извори им се овозможува на идните генерации да имаат ресурси за сопствен раст и развој.
Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значаен фактор за натамошниот развој. Електроенергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Републиката досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на вод кон Албанија. Планираната, со Просторниот план на Република Македонија, траса на водот од СкопјеS кон Србија е сменета и изграден е водот Штип-Србија.

Низ локацијата со намена сообраќајно патни инфраструктури за пешачко велосипедска патека од Западен булевар до Дрекслермаер КО Кавадарци – вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, минува постојниот преносен llOkV далновод Кавадарци-Тиквеш, постојниот преносен llOkV далновод Кавадарци-Прилепl и постојниот преносен llOkV далновод ХЕЦ Тиквеш-ФЕНИ-Дуброво заради што при изработка на урбанистичката и проектна документација треба да се почитува: "Мрежните правила за пренос на електрична енергија" (Службен лист на РМ бр.303/2021 год.).

- **Гасовод и нафтовод**

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Република С.Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти и течни горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Со проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем изградена е делницата-2 Неготино-Прилеп-Битола со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион.

Трасата на гасовод од делница-2 минува на 1,3km северно од оваа локација. Заради зголемување на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати на Републиката изграден е нафтоводот Скопје-Солун со кој се овозможува транспорт на два милиони тони сирова нафта од пристаништето во Солун до Рафонеријата ОКТА. Трасата на изведениот нафтовод Скопје-Солун минува на 2,5km северо источно од оваа локација.

- **Население**

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на населението.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно- временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека популациската политика преку систем на мерки и активности треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во

согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне оптимализација во користењето на просторот и ресурсите, хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

- **Урбанизација и мрежа на населби**

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република С.Македонија. Под поимот урбанизација се подразбира во прв ред развој на градовите изразен со порастот на нивното население, социјалните и политички функции и во изградбата и уредување на нивните просторно физички структури.

Промените во рамките на процесот на урбанизација во населените места посебно во урбаниот стандард се однесуваат на најбитните домени преку кои се искажува поимот урбан стандард - домување, јавни функции со услужни дејности и функции на општествената надградба (образование, здравство, култура, социјална заштита, спорт и рекреација), комунално уредување и екипирање на просторот.

Концептот на развојот и уредувањето на селските и градските подрачја за основа ги има целите со кои е предвидено:

- Интенвизирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано заедничко организирање на активностите.

- Стимулирање на развојот на основните дејности преку активирање на локалните потенцијали, оптимално искористување на природните погодности и осовременување на производството;

- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој;
- Обезбедување на целосна интеграција на руралните населби во системот на населбите во функционалните единици;

- Зголемено ниво на функционална и комунална опременост и планско уредување, подобрување на локалната сообраќајна инфраструктура и ефикасна комуникациска поврзаност со центрите од повисоко ниво.

Иницијативата за предвидената локација со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост, повисок квалитет на услугите во окружувањето, како и уреденост на просторот сето тоа базирано врз принципите на одржливразвој како и максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

- **Домување**

Во Просторниот план на Република Македонија, функцијата домување е детерминирана како една од основните функции во населбите, најголем потрошувач и корисник на просторот, основна содржина на населбите и основен елемент на просторното и урбанистичко планирање. Домувањето општо, а станбената изградба посебно е битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението.

Во планските определби и насоки на Просторниот план од аспект на организација на домувањето, како една од основните функции на населбите, применета е концепцијата на полицентричен развој која го третира домувањето како посебен тип на развоен ресурс, што е особено важно за неразвиените подрачја како нови центри на развој.

Од друга пак страна современите функционални барања на домаќинството за живеење, како што се образованието, културата, здравството, спортот и рекреацијата и друго, доведуваат до трансформација на традиционалниот тип на домување и проширување на неговата основна функција (задоволување на егзистенцијалните потреби), преку внесување на нови вредности и изнаоѓање на нови можности за адекватно користење и организирање на просторот, што допринесува да домувањето не значи само престој во затворен стан, туку и во отворени простори, можност за користење на околни спортски терени остварување на блиски врски со јавните функции, можност за одмор и освежување. Овој однос се манифестира и со повратна спрега на јавните функции врз домувањето, бидејќи од нивното успешно функционирање зависи и големината и бројот на станбените заедници.

Во тој контекс оваа инцијатива за предвидената локација со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, е во функција на концептот кој нуди можност за понуда на квалитетни услуги во функција на развој на спортот и рекреацијата која се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.

- **Јавни функции**

Организацијата на јавните функции (образование, здравство, култура, спорт и рекреација согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
  воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;

Предложениот простор со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, потикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на развој на спортот и рекреацијата.

- **Сообраќај и врски**

Комуникациската мрежа на Република С.Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Републиката, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерната поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за естерната поврзување на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за интерното поврзување во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Државата се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со "Е" ознака на патиштата, на досега изградената магистрална **и** регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој.

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Републиката.

Релевантен регионален патен правец за предметната локација, според Просторниот план на Република Македонија, влегува во групата на регионални патишта "РІ" и е со ознака:

Р1107 - (Градско-врска со АІ-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово-врска со АЗ **и** делница Мајдан-гр.со Р.Грција).

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Републиката, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, трасите на меѓународните **и** магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, законската регулатива во делот на "заштитната зона на патот" согласно Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

4. Инвентаризација на земјиштето, на изградениот градежен фонд , вкупната физичка супраструктура во проектниот опфат

Во рамките на предметниот проектен опфат , согласно ажурираната геодетска подлога, не постои изграден градежен фонд.

5. Инвентаризација на градби со режим на заштита на културно наследство , постојни споменички целини , културни предели и друго

Согласно - Закон за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19); видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.
Во рамките на предметниот проектен опфат, немаме информации за постоење на културно наследство ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

6. Инвентаризација на изградена комунална инфраструктура

За присутноста на постоечките инфаструктурни инсталации и нивните главни водови добиени се податоци и потврди од соодветните институции.
Инфраструктурата ја дефинираат следните водови:

- Сообраќајна мрежа
- Водоводна мрежа
- Електрична мрежа
- Телекомуникациска мрежа
- Гасоводна мрежа

Сообраќајна мрежа

Низ границите на предметниот проектен опфат, според податоците од ажурираната геодетска подлога има земјен пат, прикажан во графичкиот дел од документационата основа кој зафаќа 69,3 м2 од предметниот проектен опфат односно 0,7 %.
Јавното претпријатије за државни патишта, со допис бр. 08-1660/1 од 17.02.2023 год. не известува дека за предметниот проектен опфат кој поминува покрај Регионалнот пат Р1107 (Р-108) , делница Росоман – Кавадарци, во интерес на безбедноста во одвивање на сообраќајот, дава согласност за изградба на велосипедска и пешачка патека од Западен булевар до фабрика Дрекслмајер – КО Глишиќ и КО Кавадарци вон град -Општина Кавадарци со тоа што треба да бидат исполнети одредени услови.

Хидротехничка мрежа

Во рамките на предметниот проектен опфат евидентирани се канали, цевковод и пропусти, прикажани во графичките прилози.
Со допис бр.11 – 2142/3 од 05.10.2022 год. АД Водостопанство не известува дека има свои објекти и инфраструктура прикажани во графичките прилози.

Електроенергетска мрежа

Согласно податоците од ЕВН (допис бр.10-26/3-416 од 25.08.2022 год.) во рамките на предметниот проектен опфат има постоечка инфраструктура прикажана во графичките прилози.

Според известувањето од АД МЕПСО (допис бр.11-4697/1 од 01.09.2022 год) предметниот проектен опфат се пресекува со објекти во нивна сопственост.

Телекомуникациска мрежа

Покрај предметниот проектен опфат согласно податоците од Телеком (допис бр.45244 од 24.08.2022 год) минува телекомуникациона инфраструктура (телекомуникациските кабли не навлегуваат во рамките на предметниот проектен опфат).

Согласно податоците од АЕК (допис бр. 1404-2427/2 од 07.09.2022 год) низ опфатот минува инфраструктура која е во нивна надлежност

Гасоводна мрежа

Согласно податоците од НЕР (допис бр. 15-2499/2 од 29.08.2022 год.) низ предметниот проектен опфат нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа и дава позитивно мислење.

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА			
РЕД. БРОЈ	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ПОВРШИНА (м²)	ПРОЦЕНТ(%)
1	**Земјен пат**	**69.30**	**0.70%**
2	**Неизградено земјиште**	**9828.87**	**99.30%**
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:		**9898.17**	**100%**

7. Други податоци од субјектите од член 47 од Законот за урбанистичко планирање, релевантни за подрачјето во планскиот опфат

- Согласно допис бр. 11-6378/4 од 18.08.2022 год. Министерството за животна средина и просторно планирање, Сектор природа констатира дека предметниот проектен опфат не влегува во граници на заштитено подрачје.

Јуни ,2023 год

Марина Сазданова ,
дипл.инж.арх.

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

SPATIAL PLANNING AGENCY

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

СО НАМЕНА СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ДРЕКСЛЕРМАЕР, КО КАВАДАРЦИ-ВОН ГРАД, КО ГЛИШИЌ ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Тех. бр. Y43122

Скопје, мај 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

СО НАМЕНА СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ

ЗА ПЕШАЧКО-ВЕЛОСИПЕДСКА ПАТЕКА ОД ЗАПАДЕН БУЛЕВАР ДО ДРЕКСЛЕРМАЕР, КО КАВАДАРЦИ-ВОН ГРАД, КО ГЛИШИЌ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД ПРОСТОРНИОТ ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Барател: Општина Кавадарци

Тех.бр. Y43122

Раководител на задачата:
Александар Ивановски, д.и.а.

Aleksandar Ivanovski
Digitally signed by Aleksandar Ivanovski
Date: 2023.05.02 13:21:19 +02'00'

Контролирал
м-р Весна Мирчевска Димишковска, д.и.з.ж.с.

Vesna Mirchevska Dimishkovska
Digitally signed by Vesna Mirchevska Dimishkovska
Date: 2023.05.02 13:24:55 +02'00'

Агенција за планирање на просторот

Директор

Andrijana Andreeva
Digitally signed by Andrijana Andreeva
Date: 2023.05.02 13:31:05 +02'00'

м-р Андријана Андреева, д.и.а.

Скопје, мај 2023

УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

На седницата одржана на 11.06.2004 година, Собранието на Република Македонија, го донесе Просторниот план на Република Македонија како највисок, стратешки, долгорочен, интегрален и развоен документ, заради утврдување на рамномерен и одржлив просторен развој на државата, определување на намената, како и уредувањето и користењето на просторот.

Со Просторниот план се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат услови за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи.

Со донесувањето на Планот се донесе и Закон за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија", број 39/2004).

Со Законот се уредуваат условите начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот.

Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија, се заснова врз следните основни начела:

- јавен интерес на Просторниот план на Република Македонија;
- единствен систем во планирањето на просторот;
- јавност во спроведувањето на Просторниот план;
- стратешкиот карактер на просторниот развој на државата;
- следење на состојбите во просторот;
- усогласување на стратешките документи на државата и сите зафати и интервенции во просторот;
- **координација на Просторниот план на Република Македонија, со другите просторни и урбанистички планови и другата документација за планирање и уредување на просторот, како и со субјектите за вршење на стручни работи во спроведувањето на Планот.**

Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Според член 4 од овој Закон, Просторниот план, се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови на региони, просторни планови на подрачја од посебен интерес, просторен план на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје, како и со *урбанистички планови за населените места* и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон.

За изработка и донесување на плановите од став 2 на овој член, Министерството надлежно за работите на просторното планирање, издава *Решение за Услови за планирање на просторот.*

Условите за планирање на просторот се со намена сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци.

Вкупната должина на трасата е околу 0,8 km. **Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање е околу 0,78 km.** Останатиот дел од трасата навлегува во издадени:

- Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527, КО Кавадарци вон град Општина Кавадарци, со тех.бр. Y18515.
- Услови за планирање на просторот за Локална урбанистичка планска документација за објекти со основна класа на намена Г2-лесна индустрија на КП 3523/4, КО Кавадарци, Општина Кавадарци, со тех.бр. Y26614.

Трасата се граничи со издадени:

- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место за стопански комплекс со намена Г2- лесна и незагадувачка индустрија, Г3-Сервиси, и Г4-Стовариште, КО Марена и КО Глишиќ, општина Кавадарци, со тех.бр. Y17510i.
- Услови за планирање на просторот за Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Глишиќ, општина Кавадарци, со тех.бр Y09016i.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и насоки при поставување на планските концепции и решенија во сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

Основни определби на Просторниот план на Република Македонија

Основната стратешка определба на Просторниот план на Републиката е остварување на повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

Остварувањето на повисок степен на интегрираност на просторот на Републиката подразбира *намалување на регионалните диспропорции,* односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура. Во инвестиционите одлуки, стриктно се почитуваат локациите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на штедење, рационално користење и заштита на природните ресурси, искористување на погодностите за производство *и лоцирање на активности на простори врзани со местото на одгледување или искористување.*

Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I - IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Во напорите за унапредување на квалитетот на живеењето во Републиката, посебно тежиште се става на *унапредувањето и заштитата на животната средина.* Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на активностите, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови

0 0.15 0.3 0.6 Km

1:10,000

- Општинска граница
- Катастарска граница
- Г2-лесна и незагадувачка индустрија-Y09016i
- Стопански комплекс-Y17510i
- Г2-лесна и незагадувачка индустрија-Y18515
- Г2-лесна индустрија-Y26614



Природни и климатски карактеристики

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географската и геопрометната положба на подрачјето, релјефните карактеристики, геолошки, педолошки, хидрографски, сеизмички, климатски и др.

Предметната локација во КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, се наѓа северно од населено место Кавадарци на надморска височина од 265-295 m.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C и апсолутна минимална температура -17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во Републиката со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%. Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток.

Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168‰, просечна брзина 2,0m/s максимална јачина 7 бофори.

Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142‰, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/s. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425‰.

Економски основи на просторниот развој

Концептот на планиран развој и просторна разместеност на *економските дејности* во Просторниот план на Република Македонија се темели на дефинираните цели на економскиот развој во "Националната стратегија на економскиот развој", определбите за рационално користење на потенцијалите и погодностите на развојот, поставеноста на системот на населби, како и политиката за порамномерна и порационална просторна организација на производните и услужни дејности.

Според економската структура, фазата од развојот во која се наоѓа економијата, степенот на расположивоста на факторите, економските состојби и економската позиција на Државата во светот, идниот развој на македонската економија е детерминиран од насоките и комбинацијата на инвестициите со другите развојни фактори.

Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето и развојот на патната инфраструктура влијае врз просторната дистрибуција и алокација на одредени производни и услужни дејности. Во тој контекст, изградбата на сообраќајни патни инфраструктури за пешачко-велосипедска патека од Западен Булевар до Дрекслермаер, КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, позитивно ќе влијае на подобрување на сообраќајните услови за обавување на производните и услужни активности на ова подрачје.

Објективно, економскиот развој е условен од обемот на инвестициите. Како битна основа на идното инвестирање покрај доминантната ориентираност кон производството наменето за извоз, инвестирање во технолошко осовременување на капацитетите, треба да се истакне и значењето на определбата за продолжување на инвестирање во стопанска инфраструктура, во технолошка модернизација и *градба на нови инфраструктурни објекти*, но со јасно определена општествена и економска корисност и инвестирање во мрежа на локална и општествена инфраструктура согласно демографските движења и потребата за порамномерен развој во просторот.

Со разместувањето на економските дејности и со агломерирањето на населението во просторот, се формираат центри-полови на развојот како што е Градот Кавадарци со гравитационо влијание врз просторот за кој се наменети Условите за планирање.

Половите на развој ги формираат оските на развојот кои во минатото се формирале во зависност од географските карактеристики на просторите, т.е. според релјефот, теченијата на реките и слично, а во денешно време позначајни станаа деловните односи, меѓучовечките комуникации, како и изградените инфраструктурни системи и стопански капацитети.

Со Просторниот план на Република Македонија дефинирани се пет оски на развој од кои релевантна за Општината на чиј простор се наоѓа локацијата за која се наменети Условите за планирање е "Јужната развојна оска" која што досега ретко е споменувана, но во иднина со ефектуирањето на сите претпоставки за развој, ќе го потврдува своето значење. Оваа развојна оска ги поврзува градовите: Струга - Охрид - Ресен - Битола - Прилеп - Кавадарци - Неготино - Штип – Кочани -

Делчево и продолжува кон Благоевград во Р Бугарија, а на запад продолжува кон Елбасан во Р Албанија.

Развојните оски имаат значајна улога во просторната организација, а во прв ред за модернизација на патиштата, за изградбата на далекуводи, гасоводи итн., со што ќе се создадат предуслови за поттикнување на развојот на вкупната економија во Регионот и интегрален просторен развој на Државата.

При спроведувањето на стратегијата за организација и користење на просторот за производни и услужни дејности, решенијата во просторот треба да овозможат поголема атрактивност на просторот, заштита на природните и создадени ресурси и богатства, сообраќајно и информатичко поврзување, локациона флексибилност и почитување на објективните фактори на развојот.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

Зачувувањето, заштитата и рационалното користење на земјоделското земјиште е основна планска определба и главен предуслов за ефикасно остварување на производните и другите функции на земјоделството, а конфликтните ситуации кои ќе произлегуваат од развојот на другите стопански и општествени активности ќе се решаваат врз основа на критериуми за глобална општествено-економска рационалност и оправданост со што ќе се постигнат следните зацртани цели:

- Запирање на тенденциите на прекумерна и стихијна пренамена на плодните површини во непродуктивни цели;
- Зголемување на продуктивната способност на земјоделското земјиште и подобрување на структурата на обработливите површини во функција на поголемо производство на храна;
- Привремено или трајно исклучување од процесот на производство на храна на терените каде концентрацијата на токсични материи од сообраќајни коридори во земјиштето, воздухот и водата се над дозволените норми;
- Рекултивирање и враќање на деградираното земјиште во земјоделска намена со мелиоративни и агротехнички зафати;
- Искористување на компаративните предности и погодности на одделни подрачја и стопанства за повисок степен на финализација и задоволување на потребите на преработувачките капацитети и нивна ориентација кон извоз;
- Обезбедување на материјални и други услови за дефинирање и реализација на програмата за реонизација на земјоделското производство поради рационално искористување на сите природни ресурси, човечки потенцијали и индустриско-преработувачки капацитети.

Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во 6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

При изработка на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и

утврдување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Пренамената на земјоделското земјиште се регулира со Законот за земјоделско земјиште. Доколку при изработка на урбанистичко планската документација се зафаќаат нови земјоделски површини, надлежниот орган за одобрување на планските програми веднаш по заверка на истите до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесува барање за согласност за трајна пренамена на земјоделско земјиште во градежно.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Република Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и *развој на водостопанството* е условена од фактот дека Република Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води".

Со цел точно да се согледаат расположливите и потребните количини на вода во Републиката согласно Просторниот план на Република Македонија во сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко" и "Дебар".

Трасата на пешачката и велосипедска патека во КО Кавадарци вон град и КО Глишиќ, Општина Кавадарци, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Среден Вардар", кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на река Пчиња до водомерниот профил "Демир Капија", без сливовите на реките Брегалница и Црна Река. На ова ВП припаѓаат десните притоки на реката Вардар: реките Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, во ВП "Среден Вардар" изградени се акумулациите "Младост" на река Отавица и "Лисиче" на река Тополка. Основна намена на водите од акумулацијата "Младост" е

наводнување на обработливите површини и заштита од поплави и нанос. Од акумулацијата "Лисиче" се обезбедува вода за населението во градот Велес.

Во идниот период во ВП "Среден Вардар"се предвидува изградба на акумулациите: "Велес", "Бабуна II", "Згрополци", "Градско", "Кукуречани", "Криволак", " Дуброво" и "Демир Капија" на реката Вардар, акумулациите "Бабуна" на р. Бабуна и "Венец" на р. Изворчица и акумулацијата "Барово" на реката Бошава.

За наводнување на обработливите површини во В.П "Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ха, а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ха. Изворници за наводнување се планираните акумулации, реката Вардар, Црна Река и р. Бошава. При изработка на планската документација и реализацијата на трасата на пешачката и велосипедска патека во КО Кавадарци-вон град, КО Глишиќ, Општина Кавадарци, да се утврди местоположбата на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и да се предвидат мерки со што ќе се избегнат можните конфликти во функционирањето на објектите.
Планирањето и реализирањето на активностите за подобрување на условите за живот согласно Просторниот план на Р. Македонија треба да се во корелација со концептот за одржлив развој, кој подразбира рационално користење на природните и создадените добра. Одржливиот развој подразбира користење на добрата во мерка која дозволува нивна репродукција, усогласување на развојните стратегии и спречување на конфликти во сите области на живеење. Стратегијата за користење на водата и развој на водостопанството е условена од фактот дека Р. Македонија е земја сиромашна со вода поради што треба рационално да се користи и троши. Колку водите во одреден простор може да се сметаат за "воден ресурс" зависи од можноста за нивно искористување, односно од можноста за реализирање на водостопански решенија со кои водите ќе се искористат за покривање на потребите од вода за населението, земјоделството, индустријата и заштитата на живиот свет. Водата како "ресурс" ја има многу помалку од "присутните води".

Со цел точно да се согледаат расположивите и потребните количини на вода во Републиката согласно Просторниот план на Р. Македонија во сливовите на реките Вардар, Струмица и Црн Дрим дефинирани се 15 водостопански подрачја (ВП): ВП "Полог", "Скопје", "Треска", "Пчиња", "Среден Вардар", "Горна Брегалница", "Средна и Долна Брегалница", "Пелагонија", "Средна и Долна Црна", "Долен Вардар", "Дојран", "Струмичко - Радовишко", "Преспа", "Охридско - Струшко"и "Дебар".

Планскиот опфат на стопаснкиот комплекс за лесна индустрија КО Кавадарци, општина Кавадарци, се наоѓа во водостопанското подрачје (ВП) "Среден Вардар", кое го опфаќа сливот на река Вардар од вливот на река Пчиња до водомерниот профил "Демир Капија", без сливовите на реките Брегалница и Црна Река. На ова ВП припаѓаат десните притоки на реката Вардар: реките Тополка, Бабуна, Луда Мара и Бошава и левите притоки Отавица и Иберијска Река.

За целосно искористување на хидролошкиот потенцијал на водотеците, во ВП "Среден Вардар" изградени се акумулациите "Младост" на река Отавица и "Лисиче" на река Тополка. Основна намена на водите од акумулацијата "Младост" е наводнување на обработливите површини и заштита од поплави и нанос. Од акумулацијата "Лисиче" се обезбедува вода за населението во градот Велес.

Во идниот период во ВП "Среден Вардар"се предвидува изградба на акумулациите: "Велес", "Бабуна II", "Згрополци", "Градско", "Кукуречани", "Криволак", " Дуброво" и "Демир Капија" на реката Вардар, акумулациите "Бабуна" на р. Бабуна и "Венец" на р. Изворчица и акумулацијата "Барово" на реката Бошава.

При обезбедувањето на потребните количини на вода за стопанскиот комплекс потребна е примена на мерки кои ќе овозможат квалитетно и економично водоснабдување, но истовремено и зачувување на водите преку:

- Оформување и одржување на заштитни зони околу изворникот кој ќе се користи за водоснабдување и дефинирање на режим на заштита во заштитните зони (доколку стопанскиот комплекс не се приклучи на водоснабдителната мрежа на градот Кавадарци);
- Синхронизирана изградба на водостопански објекти со кои ќе се овозможи повеќе корисници да се снабдуваат со квалитетна вода;
- Рационално користење на водата преку примена на современи технички решенија во управувањето со системот за водоснабдување;
- Примена на технологии кои бараат мали количини на вода во производниот процес;

Доколку за водоснабдување се користат подземни води (бунари) динамиката на користењето да биде усогласена со барањето на долгорочна експлоатација. Експлоатацијата на подземните води да се базира на извршени хидрогеолошки испитувања со кои ќе се дефинира режимот на хранење на бунарот и квалитетот на водата.

Еден од основните приоритети во заштитата на животната средина е заштита на подземните и површинските води. За таа цел потребно е стриктно да се спроведува принципот на "заштита на квалитетот на водите на самите изворишта на загадување" преку:

- Изградба на сепарациски канализациски систем во границите на планскиот опфат;
- Отпадните води да се испуштат во најблискиот реципиент по соодветен третман, односно од како нивниот квалитет ќе биде доведен во согласност со "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

За наводнување на обработливите површини во В.П "Среден Вардар" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 4.390 ха., а постојат можности за наводнување на уште 15.203 ха. Изворници за наводнување се планираните акумулации, реката Вардар, Црна Река и р. Бошава. При изработка на планската документација за стопанскиот комплекс површините за сите содржини теба да се барат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштитата на земјоделското земјиште и ограничување на неговата трансформација во неземјоделско земјиште.

Енергетика и енергетска инфраструктура

Од аспект на **енергетиката и енергетската инфраструктура** со Просторниот план на Р.Македонија се дефинираат состојбите, потребите и начините на задоволување на потрошувачката на разните видови на енергија во Македонија. При тоа приоритет се дава на намалување на увозната зависност на енергенти и енергија, односно задоволување на потрошувачката со домашно производство. За урамнотежување на потрошувачката и преносот на електричната енергија во сите делови на Македонија се планира

подобрување на квалитетот и доверливоста на работата на електропреносната мрежа.

Размената на електрична енергија помеѓу балканските електроенергетски системи (чии земји најчесто се увозници) е многу значајен фактор за натамошниот развој. Ел.енергетските системи на балканските земји треба да бидат поврзани со конективни водови кои што нема да преставуваат тесно грло во трансмисија на потребните количини на електрична моќност. Македонија досега има 400 kV конективни водови со Грција (кон Солун и Лерин) и Косово (Косово-Б) и кон Бугарија (Црвена Могила) а во план е градбата на водови кон Србија и Албанија.

Постојниот 400kV вод Дуброво-Штип минува далеку на исток од локацијата за стопански комплекс и немаат конфликт.

Постоните и планирани 110kV водови од преносната мрежа на РМ, немаат конфликт со локацијата за стопански комплекс и минуваат далеку од неа. Така 110kV вод Каварадци-Тиквеш минува на 65м западно од локацијата за стопански комплекс во КО Кавадарци.

Гасовод

Природниот гас, со сегашната потрошувачка, малку е застапен во енергетскиот сектор во Македонија. Со негова зголемена употреба се воведува еколошки поприфатливо гориво кое со својот хемиски состав и висока калорична моќ, претставува одлична замена за нафтата, нејзините деривати, јагленот и другите цврсти горива. Природниот гас испушта помалку штетни материи во однос на другите енергенти, заради што аерозагадувањето е сведено на минимум.

Изграденио крак Жидилово-Скопје е дел од меѓународниот транзитен гасоводен систем Русија-Романија-Бугарија-Македонија. Се планира во идниот период доизградба на гасоводната мрежа во Македонија и поврзување со мрежите на соседните држави што ќе овозможи зголемување на сигурноста во снабдувањето на сите региони во Македонија но и урамнотежување на потрошувачката во текот на целата година.

При проширувањето и натамошната доизградба на гасоводниот систем се планира да се изгради делница-1 Клечовце-Штип-Неготино со што ќе се овозможат поволни услови за развој на гасоводната мрежа во овој регион. Трасата на овој гасовод минува на 2км северно од локацијата за стопанскиот комплекс и немаат конфликт.

Изграденио нафтовод Солун-Скопје минува на 3км северно од стопанскиот комплекс и немаат конфликт.

Население

Утврдувањето на концептот на просторната организација, уредувањето и користењето на територијата на Републиката, а во контекст на тоа и стопанската структура, зависи од развојот, структурните промени и просторната дистрибуција на **населението**.

Врз основа на прогноза за бројот, структурата, темпото на растежот, критериумите за разместување и подвижноста, треба да се покаже просторно-временската компонента на остварување на идната организација и уредување преку демографскиот аспект.

Демографските проекции, кои на планирањето му даваат нова димензија, покажуваат или треба да покажат, како во иднина ќе се формира населението, неговиот работен контингент (работна сила) и домаќинствата и

како треба да придонесат кон сестрано согледување на идната состојба на населението како производен дел, потрошувач и управувач - креатор.

Тргнувајќи од определбата дека **популациската политика преку систем на мерки и активности** треба да влијае врз природниот прираст, се оценува дека за обезбедување на плански развој и излез од состојбата на неразвиеност се наметнува водењето активна популациска политика во согласност со можностите на социо-економски развој на Републиката. Во овие рамки треба да се води единствена популациска политика со диференциран пристап и мерки по одделни подрачја, со цел да се постигне **оптимализација во користењето на просторот и ресурсите,** хуманизација на условите за семејниот и општествениот живот на населението, намалување на миграциите, како и создавање на услови за порамномерен регионален развој на Републиката.

Според податоците од Пописот на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2002 год. вкупниот број на жители во општината Кавадарци на чиј простор се наоѓа предметната локација, изнесува 38.741 жители, од кои 43,1% претставува расположива работна сила значаен потенцијал за идниот развој на овој крај.

Како демографска рамка, населението е значајна категорија која треба да се има во предвид при апроксимацијата на потенцијалните работни ресурси и потенцијалните потрошувачи и корисници на сите видови услуги.

Урбанизација

Урбанизацијата како сложен, динамичен процес треба да претставува основна рамка и влијателен фактор во насочувањето на долгорочниот просторен развој на Република Македонија.

Изградба на објекти од класа на намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија, на КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци, би требало да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.

Ваквите и слични иницијативи на соодветен начин се вградени во основните цели на урбанизацијата и развој и уредување на селските населби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија:

- Сеопфатен, рамномерно територијално распределен развој на целата територија;
- Интензивирање на функционалните врски во доменот на стопанството и услугите помеѓу соседните центри со координирано, заедничко организирање на активностите;
- Создавање услови за непречено вршење на основните човекови активности (функции), обезбедување висок степен на заштита на животната средина и запазување на принципите на одржлив развој.

Просторниот план во делот на населби и систем на населби се залага за премин од квантитативна во квалитативна фаза на урбанизација во која ќе бидат интензивирани позитивните промени во просторно-физичкиот и функционален развој на неселените места и инфраструктурната екипираност на просторот. Ефикасната инфраструктурна опременост на населените места,

треба да биде фактор за гравитациско влијание и поврзаност со поширокото окружување

Домување

Во планските определби и насоки на Просторниот план со концепцијата на **домувањето** за идниот период се надминува досегашната поларизација на урбаниот развој која доведе до создавање на големи урбани центри кои станаа жаришта на стопанскиот развој што ги зголеми нивните станбени инфраструктурни и други потреби додека руралните населби населението ги напушташе привлечено од моќта на големите градови.

Во тој смисол во третирањето на домувањето како една од основните функции на населбите, е применета концепцијата на полицентричен развој како посебен тип на развоен ресурс, што е особено битно за неразвиените подрачја како нови жаришта на развојот. Суштината на овој пристап е што најмобилен елемент станува технологијата, а не работната сила. Со тоа постоечкиот станбен фонд како еден од почетните развојни ресурси овозможува јакнење на постоечките и создавање нови центри на развојот во функција на остварување на полицентричен развој. Домувањето општо а станбената изградба посебно представува важна компонента на социјалниот и општо-стопанскиот развој, организација и уредување на просторот и подигнување на животниот стандард на населението. Утврдените глобални правци во долгорочниот стопански развој и идната просторна организација треба да влијаат во прв ред на просторно физички диспропорции во областа на домувањето и станбената изградба.

Во тој контекст оваа иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци, е во функција на концептот, кој нуди **квалитетни услуги во функција на стопанскиот развој а кој се базира на популацијата и станбениот фонд во населбите во непосредна близина.**

Во поглед на заштита треба да се почитува се она што значи стандард кој е зацртан генерално за населбите во најблиска околина.

Јавни функции

Организацијата на јавните функции, согласно планираната мрежа на населби, поаѓа од постојната мрежа на јавните функции во регионот под претпоставка дека идниот развој на истите ќе се развива во согласност со економските, институ-ционалните и други промени во него.

Организирање на мрежата на јавните функции овозможува:

- достапност на функциите до сите граѓани во регионот;
- воедначен квалитет на пружените услуги;
- активно учество на граѓаните во организација на работата на јавните функции;
- прилагоденост на програмата на јавните служби на локалните карактеристики како и можност за избор на модалитет и вид на услуга;

Развојот на стопанството и системот на населби , економскиот развој, зголемување на степенот на вработеност и севкупната урбанизација на просторот го условува порамномерниот развој на јавни функции, како *потреба за поголем избор на занимања, потреба од соодветно образование, како и остварување на здравствена и социјална заштита.* Мотивите , интересите и инвестиционите критериуми на приватните инвеститори, различните фондации

и други непрофитни асоцијации ќе бидат, исто така, значајни за организирање на јавните функции на ова подрачје.

Предложената локација за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци, потикнува и охрабрува локални и приватни иницијативи, за изградба на нови содржини од областа на јавните функции кој ќе служат за потребите на стопанството. Таа е надвор од урбаниот опфат на најблиските населби и нема препораки за организација на јавни функции на неа , што значи дека се исклучени и можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.

Индустрија

Развојот и просторната разместеност на индустријата претставува значаен фактор за поттикнување на развојот на вкупната економија и модернизација на другите области од економскиот и општествениот живот. Ефикасното и успешно спроведување на насоките и определбите за поттикнување на развојот на индустриските дејности и нивно рационално разместување во просторот ги детерминираат позитивните промени и во другите сегменти на економијата: пораст на вработеноста, зголемување на бруто домашниот производ, подобрување на животниот стандард и др.

Врз основа на сознанијата и определбите на националната стратегија за економски развој на Република Македонија (МАНУ, 1997), како и врз основа на досегашниот развој, а особено концептот на одржлив развој, основните насоки и стратешки определби на долгорочниот развој на индустријата се следните: технолошко преструктурирање, извозна ориентација на водечките сектори и гранки; **пошироко воведување и развој на еколошки-просторно прифатливо индустриско производство со развој на штедливи технологии (во однос на природните ресурси, енергијата и горивото и работната сила) и (или) малоотпадни (безотпадни) технологии**; зголемување на ефикасноста на производството; почитување на инвестиционите критериуми врз база на континуирано планирање и прифаќање на пазарните критериуми на стопанисување; стратегија на разместеност на индустриските капацитети која ја респектира просторната структура на факторите на разместеноста, рационалниот распоред на материјалните производствени фондови, од аспект на вкупниот простор на Републиката и потребите од комплексен развој на одделни територијални единици; развој на малите претпријатија, заради остварување на концептот на децентрализираниот развој и разместеност на индустријата.

Развојот на индустријата по одделните општини, особено помалите, се очекува да се остварува со градба на мали, флексибилни капацитети и поголема застапеност меѓу другото и на агроиндустрискиот сектор.

Концепцијата за развој и размесетност на индустријата утврдена со Просторниот план на Република Македонија е поствена врз основа на повеќе цели и плански определби од кои релевантни за Условите за планирање на просторот за изработката на **ЛУПД за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Кавадарци, вон град во општина Кавадарци со површина на планскиот опфат од 2,46 ха, се следните:**

- **вклучување на еколошките преференци во развојот на индустријата и нејзина алокација и разместување;**
- **развојот на индустријата во поголема мера да се потпира врз примената на достигнувањата на науката и на техничко-**

технолошкиот прогрес и иновации во технолошките процеси;

- **технолошко преструктурирање, во склад со барањата за модернизација и реконструкција на индустријата;**
- **стратегија на развој на високите технологии усогласени со концепцијата на одржливиот развој: мала суровинска и енергетска интензивност, висока информативна и научна интензивност, високо учество на стручната работна сила, висока фрагментација на пазарот со специфични барања, високи вложувања во предконкурентни истражувања и сеопфатно влијание врз карактеристиките на голем број сегменти на социо-економскиот систем.**

Во планскиот период, индустриското производство се очекува да биде застапено во сите општини и да остварува растеж кој ќе придонесе за зголемување на вработувањето, подобрување на условите за живеење на граѓаните на поширокиот простор на земјата.

Индустријата која е водечка стопанска дејност и двигател на развојот на вкупната економија има значајно влијание врз квалитетот на животната средина. Во услови на усвоената развојна парадигма на "одржлив" развој, напорите треба да се насочат кон суштествени промени во стратегијата и политиката за развој и просторна алокација на индустриски гранки засновани на принципите на еколошка заштита. Според филозофијата на одржлив развој, економскиот односно индустрискиот развој и заштитата на животната средина прават единствен систем. Одржливиот развој претставува алтернатива за загрозените природни и создадени вредности и за создавање на хумано општество и окружување. Разрешувањето на конфликтите во овој систем треба да почива на интеракција на релацијата простор и социо-економската компоненета на развојот.

Сообраќајна мрежа

Комуникациската мрежа на Република Македонија, сочинета од повеќе комуникациски потсистеми, е етаблирана преку системот за сообраќај и врски врз чија основа, помеѓу другото, се темели и организацијата на просторот на државата. Комуникациските системи во Република Македонија, кои се од особено значење за развојот на стопанските активности, се очекува да се подобруваат, унапредуваат и да се развиваат во две насоки на развој на комуникациите:

- екстерното поврзување на државата (стратешки коридори);
- интерното поврзување во државата (регионални и локални потреби).

Основа за *екстерното поврзување* на државата се дефинираните комуникациски коридори согласно меѓународните конвенции и препораки, што воедно се и основа за ориентација кон европските и балканските определби за економски и технолошки комуникации, што е од особено значење за извозот.

Основата за *интерното поврзување* во државата односно планирање и развој на патната мрежа на Р. Македонија се базира на категоризација на патиштата, на стратешки дефинирани меѓународни коридори за патен сообраќај, на досега изградената европска патна мрежа-ТЕМ со " Е" ознака на патиштата , на досега изградената магистрална и регионална патна мрежа, како и на определбите од долгорочната стратегија за развој .

Мрежата на патишта "Е" ознака што ги дефинира меѓународните коридори за патен сообраќај низ Републиката се: **Е-65, Е-75, Е-850, Е-871**.

Според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- **Е-75** кој се поклопува со магистралниот пат М-1 : (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР) - Коридор за патен сообраќај во насока север-југ
- **М-1** - (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- **А1** - (Граница со Србија-ГП Табановци-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А2)

Во идната патна мрежа на Р. Македонија, основните патни коридори ќе ги следат веќе традиционалните правци во насока север-југ (коридор 10), односно исток-запад (коридор 8), што се вкрстосуваат во просторот помеѓу градовите: Скопје, Куманово и Велес. На тој начин дел од магистралните патишта во Република Македонија ќе формираат три основни патни коридори, што треба да се изградат со технички и експлоатациони карактеристики компатибилни со системот на европските автопатишта (ТЕМ):

- север-југ: М-1 (Србија - Куманово - Велес - Гевгелија - Грција)
- исток-запад: М-2 и М-4 (Бугарија-Крива Паланка-Куманово-Скопје-Тетово-Струга-Албанија и крак Скопје - Србија)
- исток-запад: М-5 (Бугарија - Делчево - Кочани - Штип - Велес -Прилеп - Битола - Ресен - Охрид- Требеништа- М4 (крак Битола -граница со Грција)

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат ***регионалните патишта***, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) е:

- **Р-108** - (Росоман-врска со Р-106-Кавадарци-Мушов Гроб-врска со Р-109)

Врз основа на **Одлуката за категоризација на државните патишта (Сл. Весник број 133/11, 150/11 и 20/12)** овој регионален патен правец велгува во групата на **регионални патишта "Р1"** и се преименува со ознаката:

- **Р1107** - (Градско-врска со А1-Росоман-Кавадарци-Мушов Гроб-Витолиште-Лагово-врска со А3 и делница Мајдан-гр.со Р.Бугарија)

Динамиката за реализација на мрежата, што ќе овозможи целосно опслужување на Република Македонија, ќе биде во функција на сообраќајните потреби (очекуваниот обем на сообраќајот), потребите за интеграција во европскиот патен систем, како и економската моќ на државата, а трасите на меѓународните и магистралните патишта, задолжително ќе поминуваат надвор од населените места и се предлага да се решаваат со денивелирано вкрстосување со останатата патна мрежа.

При планирање да се почитува заштитна зона на патот, согласно Законот за јавни патишта (Сл.в. на РМ, бр. 84/08, бр. 52/09, бр. 114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15 и бр.116/15).

Железнички сообраќај: Концепцијата за развој на **железничкиот систем** базира на потребата за модернизација и проширување на железницата во целина, како и поврзување на железничката мрежа на Република Македонија со соодветните мрежи на Република Бугарија и Република Албанија.

Железничката мрежа на Република Македонија, во планскиот период, треба да ја сочинуваат: магистрални железнички линии од меѓународен карактер, регионални линии и локални линии.

Магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

- СР- Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР ..... 213,5 км
- СР - Блаце-Скопје ..... 31,7 км
- СР -Кременица-Битола-Велес..... 145,6 км
- БГ -Крива Паланка-Куманово ..... 84,7 км
- АЛ-Струга-Кичево-Скопје..... 143,0 км

Покрај постојните врски Табановце и Блаце на север, односно Гевгелија и Кременица на југ, ќе се изврши и соодветно поврзување на исток кон Република Бугарија, односно на запад кон Република Албанија, со што ќе се овозможи целосно интегрирање на македонскиот железнички систем со соодветните системи на соседните држави.

Во планскиот период до 2020 год. меѓудругото се очекува развој на интегралниот транспорт, односно техничко-технолошкото доопремување на Македонските железници за извршување на задачите и за вклучување во меѓународниот сообраќај, што е во согласност со стратегијата на развојот на железничкиот сообраќај и со реалните можности на Република Македонија.

Воздушен сообраќај: Воздушните патишта во Република Македонија се интегрален дел од европската мрежа на воздушни коридори со ширина од 10 наутички милји во кои контролирано се одвиваат прелетите над територијата на државата.

Примарната аеродромска мрежа во Република Македонија треба да ја сочинуваат вкупно 4 аеродроми за јавен воздушен сообраќај, и тоа во Скопје, Охрид, Струмица и Битола. Аеродромот во Скопје да се оспособи за прием и опрема на интерконтинентални авиони (со продолжување на постојната полетнослетна патека, или со изградба на нов аеродром на друга локација), аеродромот во Охрид да се реконструира во повисока-ИИ категорија, а новите аеродроми што се предвидуваат во Струмица и Битола да бидат со доминантна намена за карго транспорт на стоки.

Реконструкција на скопскиот аеродром, или активирање на локација за изградба на нов аеродром, кој ќе може без ограничување целосно да ги опслужува сите видови на патнички авиони, е определба која ќе произлезе по изработката на Студијата за аеродроми.

Секундарната аеродромска мрежа се предлага да ја сочинуваат сегашните 5 реконструирани и технички доопремени спортски аеродроми и вкупно 15 аеродроми за стопанска авијација, од кои 7 нови. Покрај тоа треба да се уредат и околу 20 терени за дополнителен развој на воздухопловниот спорт и туризам во согласност со меѓународните прописи за ваков вид на аеродроми.

Телефонска мрежа

АД "Македонски Телекомуникации" и останатите оператори за своите корисници обезбедуваат широк опсег на услуги како што се: говорни услуги (вклучувајќи услуги со додадена вредност), услуги за пренос на податоци, пристап до Интернет, мобилни телекомуникациони услуги, јавни говорници.

Комуникационите услуги се обезбедуваат врз основа на добро воспоставената телекомуникациона мрежа со примена на најсовремени технологии.

Телефонските корисници во ова подрачје во телекомуникацискиот сообраќај се приклучени преку телефонската централа во Кавадарци.

Мобилна телефонија

Кориснички компании за мобилна телефонија во Македонија се Т- Мобиле, ОНЕ.ВИП. Тие во своите секојдневни развојни активности вршат:

- Квалитетно мрежно покривање со мобилен сигнал на:
  - региони, општини, населени места,
  - подрачја од јавен интерес (културно-историски, спортски, стопански, индустриски, погранични зони и др.)
  - сообраќајна и транспортна инфраструктура
- Подготовка на проекти за развој на мрежата согласно постоечката инфраструктура на теренот
- Усогласување на развојните планови со одделни институции на државата (министерства, управи и сл.).

Целиот овој регион, покриен е со сигнал на мобилна телефонија на двете компании.

Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина, како превентива, има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап, со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите, давачите на услуги и општеството во целост, превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано на принципите на одржливиот развој. Одржувањето на континуитет во следењето на состојбите во медиумите и областите на животната средина, дава претстава за трендот на промени кои настанале во текот на подолг временски период на анализираното подрачје, како основа за планирање и предвидување на промените кои би можело да се очекуваат во животната средина во временската рамка на која се однесува планскиот документ.

Можни закани по животната средина од предвидените за изградба објекти со класа на намена Г2, во КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци, се: нарушување на квалитетот на воздухот, водите и почвата како резултат на емисија на загадувачки материи, зголемени нивоа на бучава и вибрации и несоодветно управување со отпадот.

Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработката на **Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци**, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

Мерки за заштита на животната средина кои треба да се превземат со цел да се обезбеди одржлив развој на анализираното подрачје со минимално негативно влијание врз медиумите и областите во животната средина:

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности;
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии;
- Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга намена;
- Да се контролира квалитетот на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со пропишаните гранични вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот;
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина;
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина;
- Да се изведуваат енергетски ефикасни објекти и да се применуваат најдобри достапни технологии во процесот на производство.

Заштита на природното наследство

Од областа на **заштита на природата** *(природното наследство, природните реткости и биолошката и пределската разновидност)*, урбанистичката планска документација треба да се усогласи со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Особено внимание при заштита на природата, треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- Оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Обезбедување на одржливо користење на природното наследство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата;
- Рационална изградба на инфраструктурата;

- Концентрација и ограничување на изградбата;
- Правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Службен весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14 и 146/15) и Законот за животна средина (Службен весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15 и 129/15) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија (Сл.в. на РМ, бр.39/04) на просторот кој е предмет на разработка на Локалната урбанистичка планска документација за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Кавадарци вон град, општина Кавадарци, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

Доколку при изработка на Локалната урбанистичка планска документација или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културно наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р.Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија на економски, општествен и просторен развој, односно стратегија за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви **Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство** во кој е даден Инвентар на недвижното културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно постоечката законска регулатива, видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменични целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во **руралните средини** и ридско - планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа **има** регистрирани недвижни споменици на културата (Експертен елаборат):

1. *Куќа на Мито Мицајков, ул."Браќа Џунови" бр.12, Кавадарци, 20 век;*

2. *Кула (Маркова кула), Кавадарци, турски период;*

Во **Археолошката карта на Република Македонија,** која ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се следните локалитети:

КО Кавадарци - *Бабин Дол*, населба и некропола од римско време, се наоѓа на 5 км источно од градот; *Бегова Падина*, населба од енеолитско време, се наоѓа на околу 4 км источно од селото; *Бел Град*, населба од доцноантичко време, се наоѓа на 6 км источно од градот; *Гавалиница*, некропола од римско време, се наоѓа на источниот раб на градот; *Гумнињата*, некропола од римско време, се наоѓа на 2 км источно од градот; *Дисанско Мовче*, некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 3.5 км источно од градот; *Желковец*, некропола од римско време, се наоѓа на источниот дел од атарот на градот; *Карамански Рид*, населба од римско време, се наоѓа на 2 км северозападно од населбата; *Ливадиште*, некропола од римско време, се наоѓа на 3 км југоисточно од градот; *Малинови Куќи*, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 5 км североисточно од градот, на левиот брег на Овча Река; *Манастир*, населба и некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 2 км југоисточно од градот; *Овово - Мечкин Дол*, населба и некропола од римско време, се наоѓа на 2 км источно од градот; *Селиште*, населба од доцноантичко време, се наоѓа на 4 км североисточно од градот, на левиот брег на Овча Река; *Ума*, населба од римско време, се наоѓа на западниот дел на градот; *Црквиште*, некропола од доцноантичко време, се наоѓа на 4.5 км источно од градот;

Според Просторниот план на Р. Македонија, најголем број на цели се однесуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од пониско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот ***локалитет со културно наследство*** и во

таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижното наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивна заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите, како и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно - историска димензија и нивна соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштитата на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14 и 44/15) културното недвижно наследство во просторните и урбанистички планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационо ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

Развој на туризмот и организација на туристички простори

Туризмот и угостителството со својата основна функција-прифаќање, сместување и истовремено задоволување на голем број разновидни барања и желби на туристите, влијае како врз вкупната економија и развојот на одредена средина, а исто така има изразено влијание и врз просторот во кој ја обавува дејноста. Туризмот со своето мултиплицирано влијание во процесот на стопанисување, посредно и непосредно, ги вклучува и другите гранки и дејности во вкупната понуда на туристичкиот пазар. Ова, пред сè, се однесува на угостителството, трговијата, сообраќајот, занаетчиството, здравството и на разни други видови услуги. Исто така, преку туризмот се нудат и се продаваат и нематеријални вредности, како што се: разни информации, обичаи, фолклор, забава, спортско-рекреативни активности и слично.

Врз основа на комплексно согледаните природни и создадени услови и ресурси по обем, квалитет, распространетост или уникатност, функционалност, атрактивност и степен на активираност, на територијата на Р. Македонија како посебни целини може да се издвојат следните видови на туристички потенцијали: водените површини, планините, бањите, целините и добрата со природно и културно наследство, транзитните туристички правци, градските населби, ловните подрачја и селата.

Согласно со основните долгорочни цели, концептот и критериумите за развој и организација на туристичката понуда, во Републиката се дефинирани вкупно 10 туристички региони со 54 туристички зони.

Предметната локација припаѓа на Средно-вардарски туристички регион со 6 туристички зони и 24 туристички локалитети. Низ ова подрачје минува и Транзитниот туристички коридор.

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

Согласно Просторниот план на Република Македонија, **предметната локација за кои се наменети условите за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти од класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, на КП 3524/1, КП 3524/2, КП 3524/3, КП 3525, КП 3526, КП 3527, КО Кавадарци, вон град, општина Кавадарци, се наоѓа во Простори со висок степен на загроженост од воени дејства.** Тоа се простори кои во случај на војна би се нашле во зафатот на стратегиските насоки на нападот на агресорот. Истовремено тоа се насоки кои се совпаѓаат со природните комуникациски коридори во кои се сконцентрирани најразвиените физички структури и се со најгуста населеност. Оттука во случај на војна во овие простори може да се очекува висок степен на повредливост на физичките структури, луѓето и материјалните добра.

Согласно со Законот за заштита и спасување, **задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.** Тоа опфаќа пред се изградба на објекти отпорни на сеизмички дејствија, регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти и заштита и изградба на потребната инфраструктура. За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, задолжително треба да се обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства за спроведување на мерките за заштита и спасување, обука за примена на средствата за заштита и спасување во центри предвидени за таа намена.

Согласно Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ, бр.93/12 бр.41/14 и 129/15), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат во процесот на планирање и уредување на просторот и проектирање и изградба на објектите, на начин кој го уредува Владата на РМ со подзаконски акт.

Засолнувањето како една од мерките за заштита и спасување се реализира во засолништа за основна и дополнителна заштита.

Обврска за изградба на засолништа за основна заштита имаат инвеститорите на објектите наменети за телекомуникации, телевизиски, радио и печатени медиуми, значајни индустриски и енергетски објекти, значајни сообраќајни објекти и објекти наменети за јавни здравствени служби, образованието и културата.

Сеизмичките појави - земјотресите се доминантни природни непогоди во Република Македонија, кои можат да имаат катастрофални последици врз човекот и природата. Присутни се низ вековите, на десет сеизмички жаришта во земјата или во нејзината поблиска и поширока околина. Земјотресите со умерени магнитуди (M<6,0) можат да предизвикаат сериозни разурнувања, бидејќи традиционално градените објекти, особено во руралните средини, не можат да ги издржат овие земјотреси без значителни оштетувања. Историските податоци покажуваат дека силните земјотреси генерирани на територијата на државата се проследени и со појава на колатерални хазарди (ликвификација, одрони, свлечишта, пукнатини, раседници, померувања), со доминантни одрони и свлечишта, што уште повеќе ги зголемува негативните последици на земјотресите.

Во досегашниот просторен развој на Републиката, природните богатства, географските, морфолошките и другите погодности имале доминантно влијание врз изградбата и уредувањето на нејзината територија, без оглед на присутните сеизмички ризици. Тоа создава конфликтна ситуација во која најголемите

градови, најголем број на населението, индустриските капацитети и најзначајните комуникации, како што се коридорите север - југ и исток - запад, се лоцирани во зоните со најголема сеизмичност (интензитет од VII – X степени на МСК -64).

Локацијата за која се наменети условите за планирање на просторот се наоѓа во зона со **VIII степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси.**

Намалување на сеизмичкиот ризик може да се изврши со задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Во инвестиционите проекти треба да се разработат мерките за заштита на човекот, материјалните добра и животната средина од природни катастрофи.

Неопходно е перманентно ажурирање на плановите за заштита од елементарни непогоди, кои согласно законските обврски постојат за целата територија на државата, поради присутниот сеизмички хазард, како и изложеноста на други природни катастрофи. Со реализација на наведените приоритети се создаваат реални услови за успешна инженерска превенција и намалување на сеизмичкиот ризик на територијата на Република Македонија, односно за ефикасен менаџмент на ефектите и вонредните состојби предизвикани од силните сеизмички сили.

За успешно функционирање **на заштитата од природни и елементарни катастрофи** во процесот на урбанистичко планирање потребно е да се преземат соодветни мерки за **заштита од пожари**, односно евентуалните човечки и материјални загуби да бидат што помали во случај на пожари.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од **градот Кавадарци.**

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурацијата на теренот, степен на загроженост од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично кои имаат влијание врз загроженост и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита во урбанистички планови се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари, кои се однесуваат на:

- изворите за снабдување со вода, капацитетите на водоводната мрежа и водоводните објекти кои обезбедуваат доволно количество вода за гаснење на пожари;
- оддалеченоста меѓу зоните предвидени за станбени и јавни објекти и зоните предвидени за индустриски објекти и објекти за специјална намена за сместување лесно запаливи течности, гасови и експлозивни материи;
- широчината, носивоста и проточноста на патиштата со кои ќе се овозможи пристап на противпожарни возила до секој објект и нивно маневрирање за време на гаснење на пожарите.

Заштитата од пожари опфаќа мерки и дејности од нормативен, оперативен, организационен, технички, образовно-воспитен и пропаганден карактер, кои се уредени со Законот за заштита и спасување, како и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Во идниот развој за **заштита на просторот од поплави и големи води** треба да се почитуваат насоките и мерките дефинирани во делот на водостопанство. Од метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди се манифестираат појавата на **град, луњени ветрови и магли**.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од **техничко - технолошки катастрофи** е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина.

Потребна е доследна примена на основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот :

- оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;
Мерките за заштита и спасување се уредени во согласност со *Законот за заштита и спасување* (Сл. Весник на РМ бр.93/12-Пречистен текст и бр.41/14, бр.71/16 и бр.106/16), *Уредбата за начинот за применувањето на мерките за заштита и спасување при планирањето на просторот и населбите* (Сл. Весник на РМ бр.105/05).

Со *Законот за заштита и спасување*, се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

-при планирањето и уредувањето на просторот и населбите

-во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

-при изградба на објекти и инфраструктура, а начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување со Уредба го уредува Владата.

Мерки за заштита и спасување се урбанистичко технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

УРБАНИСТИЧКО ТЕХНИЧКИ МЕРКИ се:

- ***засолнување***
- ***заштита и спасување од поплави***
- ***заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи***
- ***заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства***
- ***заштита и спасување од урнатини***
- ***заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и***
- ***спасување од сообраќајни несреќи.***

ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ се:

- ***евакуација***
- ***згрижување на загрозеното и настраданото население***
- ***радиолошка, хемиска и биолошка заштита***

- ***прва медицинска помош***
- ***заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло***
- ***заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и***
- ***асанација на теренот.***

УРБАНИСТИЧКО ТЕХНИЧКИ МЕРКИ

- ***засолнување***

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на РМ.

Јавните засолништа се планираат согласно програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а се вградуваат во Урбанистичките планови.

Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05).

- ***заштита и спасување од поплави***

Заштитата и спасувањето од *поплави* опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Атмосферските води од предметниот опфат ќе бидат прифатени во постојна атмосферска канализација. Таа е со дијаметар на канализациона цевка НД500 мм и гравитира јужно до главен атмосферски канал. Истиот водите ги одведува кон река Луда Мара, која поминува источно на оддалеченост од околу 1 000 м.

- ***заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи***

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

При изработката на овој Проект за инфраструктура се предвидени пропишани мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно *Законот за заштита и спасување* (Сл. Весник на РМ бр.93/12-Пречистен текст и бр.41/14, бр.71/16 и бр.106/16), *Законот за пожарникарство* (Сл.весник на РМ бр.67/04, бр.81/07, бр.55/13, бр.158/14, бр.193/15 и бр.39/16) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Заштитата и спасувањето од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите средини, објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примената на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите, а оперативни мерки се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари, експлозиии опасни материи.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Оваа одредба ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица. За објектите за кои не се изработува елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи се применуваат важечки мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

Во објекти и простори во кои што се произведуваат, преработуваат, користат и складираат опасни материи, ако природата на работата не е поврзана со таква потреба, се забранува употреба на отворен оган, светилки со пламен и средства за палење, користење на грејни уреди со отворен оган, вжарена и прекумерно загреана површина, складирање на материи со опасност од самозапалување, користење уреди и инсталации кои можат да предизвикаат пожари и експлозии, движење и престој на неповикани лица и употреба на алат кој создава искри.

Запалливи материи не треба да се складираат на отворен простор поблиску од 6 метри од објектот, на мансардите во згради, столбишта, ходници и други комуникации. Отпадните и други запаливи материи треба да се отстрануваат, односно складираат на посебно определени противпожарно обезбедени места, кои не претставуваат опасност за непосредната околина.

Физичките лица при употреба на уреди, средства и отворен оган, се должни истите да ги користат на начин да не ја загрозуваат околината и да не предизвикаат пожари или експлозии.

Инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Уредите, инсталациите опремата и средствата, за ППЗ заштита задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Другите елементи за противпожарна заштита ќе се утврдат со посебниот елаборат за противпожарна заштита како составен дел на Основниот проект за секоја поединечна градба. Со цел за поефикасна заштита задолжително е предвидување на современа громобранска инсталација на сите поголеми градби и нејзино континуирано одржување.

Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита се предвидува од аспект на:

-брз и непречен пристап до градбите на ПП возила и другата ПП опрема во комплексот како би се овозможило кружно движење на истите;

-непосреден пристап на ПП возила и другата ПП опрема во ГП и до секој објект во неа, најмалку од две страни;

Обезбедување на пропусна моќ и соодветен сообраќаен профил на сите улици, потребен радиус на кривина и носивост на коловозот од 10,0т осовински притисок, за да може да се движат ПП возилата и останатата ПП опрема до градежни пацели, а преминот преку ивичњаците да биде преку закосени рампи со сооднос 1/12 (8%) на дел од улиците каде се пристапува до градежните парцели.

- ***заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства***

Заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и трнспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

- ***заштита и спасување од урнатини***

Согласно Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.Весник на РМ бр.100/10), се уредува организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување.

Превентивни мерки за спасување од урнатини се применуваат на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејствија кои предизвикуваат урнатини и тоа од природни непогоди, технички катастрофи, воени дејствија.

Заштитата од урнатини се обезбедува со проектирање и изградба на објекти оптимално отпорни на сеизмички влијанија согласно сеизмолошката зона во која се наоѓа конкретниот проектен опфат, а според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 8^0 по МЦС скалата, изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

При планирањето не се создадени тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини, а воедно предвидени се асеизмични градби, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

-брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците);

-брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила;

-непречена интервенција во кругот на катастрофата, штетите да се сведат на минимум, брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, доколку е потребно да се утврдат со посебен елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на објектите, како составен дел на Основниот проект. Доколку се утврди потреба елаборат за геомеханички испитувања да биде изработен за потребите на Основни проекти.

- ***заштита и спасување од извлекување на земјиштето***

При изработката на Основните проекти, доколку се утврди потреба да се изработи елаборат за геомеханички испитувања.

- ***заштита и спасување од техничко технолошки несреќи***

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските објекти, кои во производниот процес употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра.

Превентивни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на индустриски објекти, редовно одржување на инсталациите и опремата, како и примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа.

Оперативни мерки за заштита и спасување од техничко-технолошките несреќи се активностите за спречување на настанување и намалување и отстранување на предизвиканите последици. Со оглед на намената на просторот, нема можности за техничко технолошки катастрофи.

Потребно е стручно ракување со сите уреди и постројки. Инфраструктурните водови во редовни услови не предизвикуваат штетни влијанија бидејќи претставуваат подземни инсталации. Случајните инциденти може да се идентификуваат како инциденти со оштетувања на инфраструктурните водови во случај на интервенција или механички оштетувања. Овие инциденти немаат важно влијание врз околината, бидејќи можна е брза реакција и запирање на течењето на гас или вода преку вентилски уреди. Можна е брза санација и на вод во кој се водат отпадните води. Инфраструктурните водови се водат на пропишани сигурносни растојанија во јасно дефиниран инфраструктурен коридор, така да можните оштетувања се сведени на минимум. Истите мора да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлотацијата, ракувањето и одржувањето.

- ***спасување од сообраќајни несреќи***

Спасувањето од сообраќајни несреќи опфаќа мерки и активности за спасување при настанати големи несреќи во патниот, железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај во кои има поголем број повредени и загинати лица и/или е предизвикана голема штета. Во овој проектен опфат не се очекуваат сообраќајни несреќи од железничкиот, воздушниот и водениот сообраќај, најголема е веројатноста од настанување на сообраќајни несреќи во патниот сообраќај.

Оперативните мерки заспасување се активности за извидување, пронаоѓање и извлекување на повредените и загинати лица,укажување прва медицинска помош и транспорт до соодветните здравствени установи, како и учество при отстранување на последиците предизвикани од сообраќајните несреќи.

ХУМАНИТАРНИ МЕРКИ

- ***евакуација***

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на РМ,од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

- ***згрижување на загрозеното и настраданото население***

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. РМ и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

- ***радиолошка, хемиска и биолошка заштита***

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на

опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и превземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуаат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средсва, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

- ***прва медицинска помош***

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето–заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

- ***заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло***

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболени контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- ***заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло***

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- ***асанација на теренот***

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и починати лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

При реализација на овој проект за инфраструктура, доколку дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/2004, 115/2007, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Бр.11-3277/2 од 18.05.2023

Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина Кавадарци
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН
УП вон населено место за стопанска зона „Телот'-Блок 1 2012-2020
(наслов на план и плански период)

УПС за село: _____
УП вон населено место:_____
Одлука бр. 07-2085/1 од 27.04.2012
Намена на градба
КО: Кавадарци КП.
ДЛ: *М:* 1 : 1000

Извод за градежна парцела бр.

Содржи:

1. Графички дел

–Заверена копија од синтезен план
-легенда

2.Текстуален дел:

- Заверена копија од општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

Изготвил: арх.тех.Ленча Тодорова

Раководител на Сектор
дги Александра Деневска

Контролирал:
м-р диа Марија Данаилова

MARIJA DANAILOVA
Digitally signed by MARIJA DANAILOVA
DN: C=MK, OU=VAT - 4011004124215, OID.2.5.4.97=NTRMK-5995965, O=OPSHTINA KAVADARCI, SERIALNUMBER=194123, T=SOVETNIK, SN=DANAILOVA, G=MARIJA, CN=MARIJA DANAILOVA
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023.05.19 11:45:33+02'00'
Foxit PDF Editor Version: 11.0.0

м.п

Aleksandra Denevska
Digitally signed by Aleksandra Denevska
DN: C=MK, OU=VAT - 4011004124215, OU=Sektor za urbanizam, OID.2.5.4.97=NTRMK-5995965, O=Opstina Kavadarci, SERIALNUMBER=198890, T="Rakovoditel na sektor ", SN=Denevska, G=Aleksandra, CN=Aleksandra Denevska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.05.19 11:50:06+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.1

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА СТОПАНСКА ЗОНА"ТЕЛОТ" - БЛОК1 ЗА МЕСТО ВИКАНО "ТЕЛОТ" ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - 2012-2022

ПРЕДЛОГ ПЛАН **М=1/1000**

СИНТЕЗЕН ПЛАН

Планскиот опфат кој е предмет на Урбанистичкиот план вон населено место **ЗА СТОПАНСКА ЗОНА " ТЕЛОТ" ,** за место викано **" ТЕЛОТ" – Б1, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, согласно донесената одлука на Советот,** е дефиниран во следните граници на плански опфат:

- **Североисток:** По осовината на постојниот Регионален пат Кавадарци – Росоман, до пресекот на постојниот пат, односно Новопланирана улица "1".
- **Југозапад:** По оската на Новопланирана улица "1", до североисточната граница на: КП 140; 139/2; 142; 139/1; и 145/2;
- **Север:** По северната граница на КП 147; КП 130; КП 138; свртува по јужната граница на КП 138; се до почетната точка на планскиот опфат на осовината на постојниот Регионален пат Кавадарци – Росоман.

Површината на планскиот опфат во овие граници изнесува 21.60 ха.

Условите за изградба се составен дел на планот и служат за спроведување на урбанистичкиот план односно за изготвување на извод од урбанистички план и решение за локациски услови.

Условите за изградба се делат на Општи услови за изградба и Посебни услови за изградба.

11.1.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Општите услови за изградба важат за целата површина на планскиот опфат, освен во случаите каде што со Посебните услови не е одредено поинаку.

11.1.1.Планскиот опфат кој е предмет на планот е составен од една урбана единица - блок и земјиште за општа употреба.

Границата на блокот се совпаѓа со границите на планскиот опфат од нејзиниот периметар.

Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии и граница на парцела.

Во рамките на блокот оформена е една градежна парцела која е ограничена со регулаторни линии (граница на градежната парцела и регулациона линија).

Граница на градежна парцела како планска одредба во планот е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни парацели.

Градежната парцела се состои од површина за градење и дворно место.

Површината за градење преставува дел од градежната парцела согласно член 39 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Дворното место преставува дел од градежната парцела незафатен со површина за градење.

11.1.2. Намената на земјиштето во рамките на планскиот опфат е уредена на ниво на градежна парцела и под истата се подразбира начинот на уредување, изградбата и употребата на градежното земјиште и на градбите согалсно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив.

Класата на намена во рамките на планскиот опфат е обележана со име за секоја градежна парцела поделно согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Во рамките на планскиот опфат во граници на одредената можна површина за градба и дефинирана групата на основна класа на намена Г (производство,дистибуција и сервиси) одредени се повеќе класи на намени и тоа:

Г2 - лесна и незагадувачка индустрија

Г3 - сервиси

Г4 - стоваришта

Точната класа на намена во рамките на една површина за градба ќе се определи со изготвување на Архитектонско урбанситички проект а во зависност од потребите на корисникот на одредената градежна парцела, при што секоја од предложените намени може по избор на корисникот да биде основна.

- За основна класа на намена Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) се дава можност од компатибилна класа на намена Б1 (мали комерцијални и деловни дејности), Б2 (големи трговски единици), Г3 (сервиси) и Г4 (стоваришта) до 30% од основната класа на намена

- За основна класа на намена Г3 (сервиси) се дава можност од компатибилна класа на намена: Б1 (мали комерцијални и деловни дејности), Б2 (големи трговски единици), Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) и Г4(стоваришта) до 30% од основната класа на намена

- За основна класа на намена Г4 (стовариште) се дава можност од компатибилни класи на намена Б1 (мали комерцијални и деловни дејности), Б2 (големи трговски единици), Б4 (деловни простори) и Г3 (сервиси) до 30% од основната класа на намена.

Во рамките на планскиот опфат предвидено е класа на намена Д2 (заштитно зеленило) како заштитен појас по должина на Регионалниот пат Кавадарци-Росоман.
Класата на намена Д1 (парковско зеленило) се планира да биде застапено во дворното место на предвидената градежна парцела и истата не смее да биде помала до 15% од површината на градежната парцела. За потребите на стопанскиот комплекс предвидена е и класа на намена Е2 (комунална супраструктура – трафостаница) и Е3 (некомпатибилна инфрастуктура -пречистителна станица).
Нивната точна диспозиција ќе биде дефинирана со изготвен Архитектонско урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр. 124/10 и бр. 18/11). Сите градби предвидени со Архитектонско - урбанистичкиот проект мора да бидат во рамки на дадената површина за градба со овој план.

11.1.3. Технолошките процеси во новопланираните стопански капацитети задолжително се подредуваат на условите и режимите на заштита на животната средина, согалсно позитивните законски прописи.
Неизградените земјишни површини во наменската зона "Производство, дистрибуција и сервиси" не можат да се користат до конечна реализација, за ниедна привремена намена освен како обработливо земјоделско земјиште.
Овој статус на земјиште трае се до неговата конечна пренамена согласно Урбнистичкиот план.

Во зоната за производство, дистрибуција и сервиси не можат да се лоцираат стопански субјекти што се баваат со магационирање и промет на цврсти и течни горива (освен бензински пумпи) лесна запаливи и отровни хемикалии и радиоактивни материи.

Во рамките на планскиот опфат на ниедно место не смеат да се чуваат или одлагаат радиоатквини и јонизирачки материи.

11.1.4. Површината за градење е планска одредба со која во планот се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите и истата е дефинирана во рамките на една градежна парцела и со овој план во градежните парцели каде се предвидува идна градба третирани ќе комплексни градби кој може да бидат составени од повеќе градби, а согалсно член 39 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Согласно претходно цитираниот член дефинирањето на диспозицијата и бројот на поедините градби во рамките на дадените можни површини за градење ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр. 124/10 и бр. 18/11). Сите градби предвидени со Архитектонско - урбанистичкиот проект мора да бидат во рамки на дадената површина за градба со овој план.

При тоа, задолжително мора да се почитуваат сите коридори од планираната инфраструктура.

Потребно е паркирањето да е обезбедено во рамки на секоја парцела и тоа е предуслов за достигнување на планираната максимална бруто површина за градба.

11.1.5. Градежната линија е планска одредба која преставува граница на површин за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата (градбите) може да се градат.

Определувањето на градежната линија со што се оформува површината за градба во рамки на која може да се градат градбите е на основа на постојните стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, Законот за јавни патишта и заштитниот коридор на планираните инфраструктурни водови.

Градежната линија во рамките на планот се предвидува со дозволени пречекорувња од страна на издадените елементи од архитетконска пластика на градбите.

- Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитетконски издадени.
- Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела не се дозволени пречекорувања на градежната линија на било која висина од вертикалната рамнина којшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела.
- Кога површината за градење од страна на градежната парцела се на растојание од 3.0 м. и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со прво и второстепена пластика.

11.1.6. Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови која може да се гради во одредената височина при што најмлата спратна височина со која се пресметува бројот на спратови, мерено од плоча до плоча за класа на намена Б – комерцијални и деловни намени (Б1 – мали комерцијални и деловни дејности, Б2 – голем трговски единици и Б4 – деловни дејности) а кој се предвидени како компатабилни класи на намена е 3.40 м.

За градбите со класа на намена Г (производство, дистрибуција и сервиси) а кој се дадени како основни класи на намени спратната височина ќе се определи со Архитектонско урбанистички проект во зависност од поконкретната класа на намена Г2 – (лесна и незагадувачка индустрија, Г3 – (сервиси и Г4 – стоваришта), и потребите во зависност од технолошкиот процес, но не смее да е повеќе од П+3ката, односно 14.50м.

11.1.7. Максималната височина на слемето која преставува највисока точка на кровната конструкција ќе се определи со Архитетконско урбанистички проект или основни проекти зависно од технолошки процес и други специфичности на градбите.
Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите и тоа:

- кули покривни бани, стакларници и издадени покривни елементи, оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите технички и технолошки инсталации и постројки, потребни во процесот на производство.
- сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обзидува или оформува затворен корисен простор, над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

11.1.8. Процент на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градба и вкупната површина на градежно земјиште, изразено во проценти. За предметниот локалитет, тој е дефиниран со 50% изграденост.
Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча, без надворешни тераси, скали, рампи, и сл.
11.1.9. Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интезитетот на изграденост на градежното земјиште. Истиот се пресметтува како однос на вкупната изградена површина и вкупната површина на градежното земјиште. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

11.1.10. Градежната парцела предвидена во рамките на планскиот опфат може да се обградува.
Висината на оградата се предвидува да изнесува 2.0 м. од кои 0,90 м. може да биде полна, а останатиот дел да биде транспарентна.
За градежните парацела, на агол меѓу две улици, задолжително е оградата да ја следи сферичната линија на тротоарот или под агол од 45° со што се обезбедува прегледност на движењата на возилата и пешачките движења.
11.1.11. Сообраќајот кој го опслужува планскиот опфат е третиран како примарен – Регионален пат Кавадарци – Росоман, од кој се влегува во стопанскиот комплекс и секундарен сообраќај, кој во планот е решен за соодветно комуницирање во рамки на планскиот опфат и обезбедува пристап до секоја новооформена градежна парцела.

Секундарната сообраќајна мрежа во планскиот опфат е планирана и димензионирана согласно стандрадите и нормативите од областа на сообраќајот согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).
11.1.12. До градежната парцела е обезбеден посебен пристап со возило од примарната сообраќајна мрежа Регионалниот пат и секундарната сообраќајна мрежа, односно од индустриска улицата на која се евидентира. При тоа е внимавано да не се наруши концептот на постојните патишта, кои ги опслужуваат парцелите вон предметниот плански опфат.
11.1.13. Потребата од паркинг простор за градежната парцела во рамките на планскиот опфат ќе се задоволува во рамките на сопствената парцела и тоа е основниот услов за достигнување за максималната површина на изградба и максималната височина.

Точниот број на паркинг места како и нивната местоположба во рамките на градежната парцела ќе се определи со изготвување на Архитектонско урбанистички проект за секоја градежна парцела поодделно.
Критериумите за одредување на потребен број на паркинг места ќе се применуваат според одредбите на член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).
11.1.14. Составен дел на планот се и конкретните мерки за создавање услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

Создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица треба да се во согласност со член 78 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).
При планирање на елементите на уличната мрежа во урбанистичкиот план задолжително се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловзот.
Минималната широчина на рампата е 1 м, а оптималната широчина е 1,80 м.
Најголем наклон на рампата е 20% (1:5), а оптималниот наклон е 8,33% (1:).
Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да преставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците а особено на инвалидизираните лица со колички.
Во предвидените класи на намени, задолжително се предвидуваат рампи за пристап за висинско совладување на денивелираните површини за комуникација на влезовите од градбите и внатрешни рампи во јавните и групните простории.

11.1.15. Во процесот на уредувањето на просторот перманентно треба да се применуваат мерки за одржување на содржините во урбаната средина, како и соодветни мерки за заштита на елементите на животна средина.
Тоа се врши со постојано одржување на фасадата на градбите во зависност од фасадната обработка, како и одржување на улиците, тротоарите, плоштадите, оформување и одржување на зелени површини, инсталациите, делот каде се лоцирани контејнерите за смет и сл.
Потребна е постојана активност на сопствениците и корисниците на градбите како и на комуналните претпријатија за постојано одржување на хигиената на градбите и околниот простор на соодветно ниво.
Во градежната парцела наменета за производство, дистрибуција и сервиси ќе се складира стока која по својата природа не врши штетно влијание на околината, а и технолошкиот процес кој ќе биде применуван во рамките на овие парцели не смее да биде загадувачки.
11.1.16. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските градби и групации, ниту да пречат на градбите поставени од јавен интерес како јавно осветлување, градски инсталации,табли со имиња на улици и сл.
11.1.17. Отстранувањето на цврстиот отпад ќе се обавува со транспортирање на истиот со специјално возило од страна на соодветната комунална служба до санитарната депонија.
Во градежната парацела сметот ќе се собира во специјални канти, сместени на видно и достапно место во градежната парцела од каде отпадните материи ќе бидат евакуирани со возило до санитарната депонија.

Отстранувањето на градежен шут и поголеми количини на отпадоци од технолошките процеси, го вршат на своја сметка сопствениците директно во регионалната (градска) депонија, под услови што ќе ги определи управувачот т.е. сопственикот на депонијата.

11.1.18. При реализација на стопанскиот комплекс да се тежнее на имплементација на технологии кој ќе овозможат повторно искористување на дел од отпадните сировини и пречистување на отпадните води.

11.1.19.Градбите не смеат да се предвидат во заштитен коридор на далноводи, како и во заштитниот појас на планираните магистрални улици и планираните коридори од хидротехничка инфраструктура, графички презентирани во Инфраструктурниот и Синтезниот план.

11.1.20.На третираниот простор нема евидентирано природно наследство меѓутоа доколку при изработка на Урбанистичкиот план вон населено место или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со изградбата на стопанската зона, потребно е да се предвидат мерки за заштита на природното наследство согласно Зкаонот за заштита на природата (Сл. весник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр. 124/10 и бр. 18/11).

11.1.21. Според Мислењето од Министерство за култура, Управа за заштита на културното наследство во просторот опфатен со планот не е регистрирано ниту пак е евидентирано културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Р.Македонија бр. 20/04 и бр.115/07).

11.1.22.Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање на локациски услови, односно при изготвувањето на основните проекти за градбите и инфраструктурата како и при самата градба, согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр. 42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, бр. 86/08 и бр. 124/10), Законот за пожарникарство (Сл.в. на РМ бр. 67/04), Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ бр. 19/05), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл.в. на РМ бр. 31/06) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообрфаќајниците и зони на тотални урнатини.

Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 9° по МЦС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Градбите во рамките на планскиот опфат мора да се постават во сè према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето.

11.1.23. За потребите на стопанскиот комплекс предвидена е и класа на намена Е2 (комунална супраструктура – трафостаница) и Е3 (некомпатибилна инфрастуктура - пречистителна станица).

Нивната точна диспозиција, големина и висина, ќе биде дефинирана со изготвен Архитектонско урбанистички проект согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр. 124/10 и бр. 18/11). Сите градби предвидени со Архитектонско - урбанистичкиот проект мора да бидат во рамки на дадената површина за градба со овој план.

10.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба се однесуваат за **Блок 1,** како и за градежната парцела **1.1** поединечно во рамките на наведената урбана единица.

Посебните услови за градба служат за спроведување на планот и тоа непосредно за изготвување на извод од урбанистички план и за решение за локациски услови.

Планскиот опфат се состои од 1(еден) блок, Блок Б1;

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ									
МЕСТО ВИКАНО "ТЕЛОТ" блок Б1									
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПАРЦЕЛА И УРБ. БЛОК									
Број на парцела	Класа на намена	Површина на парцела м2	Површина за градба м2	Бруто развиена површина м2	Висина на венец м'	Катност	Процент на изграденост %	коефициент на искористеност К	Потребен број на паркинг места
БЛОК Б1									
1.1	Г2;Г3;Г4	207842	103921	311763	14.50	П+3	50	1.50	СГП
-	Д2	7488	-	-	-	-	-	-	-
вк.Б1:	**-**	**215330**	**103921**	**311763**	**14.50**	**П+3**	**48**	**1.45**	**-**
*** СГП - ПАРКИРАЊЕ ВО СОПСТВЕНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**									

БЛОК 1

Блокот Б1 се состои од 1 (една) градежниа парцела 1.1, планирана за основна класа на намена Г2;Г3;Г4,

Сите урбанистички параметри за градежните парцели во овој блок дадени се во следната табела:

Природа на зафат

Сите градби, во рамките на третираната градежна парцела во Блок 1, се новоградби.

Површината за градење во рамките на предвидената градежна парцела, во рамки на блокот, заедно со класа на намена Е2-комунална супраструктура-

трафостаници и класа на намена Е3- некомпатибилна инфраструктура - пречистителна станица, се третирани како комплексни градби кои може да бидат составени од повеќе градби во една градежна парцела согалсно член 39 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Поедините градби во рамките на дадената можни површина за градење ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно член 51 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр. 124/10 и бр. 18/11).

Класа на намена

Градбите во градежната парцела 1.1; се со основна класа на намена. Г2, Г3 и Г4 (лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта).

Точната основна класа на намена од предвидените можни (Г2, Г3 и Г4) во рамките на градежната парцела ќе се определи со изготвување на Архитектонско урбанистички проект а во зависност од потребите на корисникот на одредената градежна парцела.

За основна класа на намена **Г2 (лесна и незагадувачка индустрија)** се дава можност од компатибилна класа на намена Б1 (мали комерцијални и деловни дејности), Б2 (големи трговски единици), Г3 (сервиси) и Г4 (стоваришта).

За основна класа на намена **Г3 (сервиси)** се дава можност од компатибилна класа на намена Б1 (мали комерцијални и деловни дејности), Б2 (големи трговски единици), Г2 (лесна и незагадувачка индустрија) и Г4 (стоваришта).

За основна класа на намена **Г4 (стоваришта)** се дава можност од компатибилна класа на намена Б1 (мали комерцијални и деловни дејности), Г2 (големи трговски единици), Б4 (деловни простори) и Г3 (сервиси).

Максимален дозволен процент на учество на збирот на компатгибилните класи на намени во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

Максимално дозволен процент на учество на единечна класа на намена во однос на основната класа на намена ќе се определува согласно табела "2" која е составен дел на Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Во рамки на основната класа на намена, се планирани и градби со класа на намена Е2 - комунална супраструктура - трафостаници и класа на намена Е3 - некомпатибилна инфраструктура - пречистителна станица, кои се третирани во рамки на комплексната градба која може да биде составена од повеќе градби во една градежна парцела согалсно член 39 став 4 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

Поедините градби во рамките на дадената можни површина за градење ќе се дефинираат со изработка на Архитектонско урбанистички проект согласно член 51 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 51/05, бр. 137/07, бр. 91/09, бр. 124/10 и бр. 18/11).

Максимална висина на изградба

За градбите во градежна парцела 1.1; со класа на намена Г2, Г3 и Г4 (лесна и незагдувачка индустрија, сервиси и стоваришта) се предвидува максимална висина на изградба до горен венец од 14.50. и катност од П+3 ката.

Максимална висина на изградба до горен венец ќе се дефинира во зависност од технолошкиот процес, бидејќи се работи за стопански комплекс.

За градбите кои се планирани со класа на намена Е3- некомпатибилне инфраструктура - пречистителна станица, се предвидува максимална висина на изградба до горен венец од 4.50 м. и катност П.

За градбите со класа на намена Е2 - комунална супрастурктура – трафостаница, се предвидува максимална висина на изградба до горен венец од 3.0 м, и катност П.

Парцелација

Планираната градежна парцела се оформува – дефинирана е за првпат.

Пристап, паркирање и гаражирање

За градежната парцела во рамките на блокот овозможен е колски пристап:

За градежната парцела 1.1; планиран е сообраќаен пристап од примарната сообраќајна мрежа - Регионалниот пат и секундарната сообраќајна мрежа - Новопланирана улица 1 .

Потребата од паркинг простор за градежната парцела 1.1 од блок Б1, се планира да се реши во рамки на сопствената градежна парцела и тоа е основниот услов за изградба до максимално дозволената висина и максимално дозволената бруто развиена површина.

Точниот број на паркинг места ќе се определи со изработка на Архитектонско урбанистички проект во зависност од определената основна класа на намена и компатибилните класи на намена а согалсно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р. Македонија бр. 142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1 ВО БЛОК Б1

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1

МЕСТО ВИКАНО "ТЕЛОТ" блок Б1									
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПАРЦЕЛА									
Број на парцела	Класа на намена	Површина на парцела м2	Површина за градба м2	Бруто развиена површина м2	Висина на венец м'	Катност	Процент на изграденост %	коефициент на искористеност К	Потребен број на паркинг места
БЛОК Б1									
1.1	Г2;Г3;Г4	207842	103921	311763	14.50	П+3	50	1.50	СГП
* **СГП** - ПАРКИРАЊЕ ВО СОПСТВЕНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА									

12. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

12.1. Заштита на животната средина

Од аспект на заштита на животната средина, Урбанистичките планови и проекти се усогласуваат со Просторниот план на Р. Македонија. Врз основа на режимот за заштита, предвиден со Просторниот план, се организира распоред на активности и изградба на објекти, кои ги исполнуваат барањата поставени со одржливиот стопански развој и современиот третман на заштита.

Нарушувањето на природните процеси во животната средина се јавува како последица на нерационалното искористување на природните ресурси и животниот простор, преку: деградирање на почвените површини под дејство на природниот или антропогениот фактор; пренамена на земјоделско земјиште со висока бонитетна класа за непродуктивни или помалку продуктивни цели; примена на застарени производствени технологии во индустријата и.т.н.

Мерките и активностите кои се превземаат во насока на рационално искористување на просторот и заштитата на животната средина, при што се земени во предвид и посебните интереси на просторното уредување и развој се:

-спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство,

-организирање и уредување на просторот со цел да се постигне севкупен раззвој,посебно во однос на:

*стопанисувањето на земјоделското земјиште, шумите, водите, и др.

*заштитата на природното и созададеното богаство

- утврдување на насоката и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја со помош на сручни упатства од ресорите на земјоделството,водостопанството,шумарството и заштитата на животната средина.Неопходно е да се посвети поголемо внимание на планирањето на инфрастурктурните коридори и објекти со приоритетно користење на постојните траси и помалку вредни простори.

Законската регулатива, врз основа на која се уредува областа, од аспект на заштита на животната средина и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичката планска документација е следната:

- Закон за животна средина (Сл. в. на РМ бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10, бр. 124/10);
- Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10);
- Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04 и 92/07, 35/10);
- Закон за управување со отпадот (Сл. в. на РМ бр. 68/04, 107/07, 102/08 бр.143/08 и 124/10);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл. в. на РМ бр. 79/07, бр. 124/10);
- Закон за водите (Сл.весник на РМ бр. 4/98 и Сл.в. на РМ бр.87/08, бр.06/09, бр.161/09 и бр.83/10)
- Уредба за класификација на водите (Сл. в. на РМ бр. 18/99);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Сл. в. на РМ бр. 18/99);

- уредба за определување на проектите и за критериумите вр основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијатта врз животната средина (Сл.в. на РМ бр. 74/05 и бр.109/09),
- Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 124/10, бр. 18/11);
- Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр. 78/06, бр.140/07, бр.12/09, бр.93/09, бр.52/10 и бр.62/10) и други законски и подзаконаски акти.

Со цел да се обезбеди заштита на животната средина и запазување на поставените стандарди, при изработка на урбанистичкиот план вон населено место за сопанска зона на м.в. "Телот", КО Глишиќ и КО Марена, општина Кавадарци потребно е да сеима во предвид следното:

-Согласно Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, бр.83/09, бр.48/10 и бр.124/10) и Уредбата за проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина (Сл.весник на РМ бр. 74/05 и бр.109/09), треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, ја утврдува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Согласно Законот за животната средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05; Сл.в. на РМ, бр.81/05; Сл.в. на РМ; бр.24/07, бр. 159/08, бар.83/09, бр.48/10 и бр.124/10) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на Р.М. бр.67/04бр. 14/06, бр.84/07 и бр.35/10), правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието рз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина со цел да се оцени влијанието на дејнсотите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на преоткот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот.

-Надлежноста за одобрување на елаборатот се утврдува согласноУредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрувае е надлежен градоначалникот на општината и Уредбата на дејностите и активностите за кои задолжително зе изработува елаборатот а за чие одобрување е надлежен органот за вршење на стручни работи од областа на животната средина (Сл.в. на РМ бр.80/09).

-Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

-Да се предвидат соодветни технички зафати за пречистување на отпадните води и имплементација на технологии кои ќе овозможат вивно повторно искористување за истата или друга намена.

-Задолжително испитување на пречистените отпадни води пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вреднсотите на концентрацијата на материите пристуни во пречистителната отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл.в. на РМ бр.18/99).

-Имплентацијата на уреди за редукција или целосна елиминација на енсите во атмосферата, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух.

-Согласно со член 7 од Законот за управување со отпад (Сл.в. на РМ, бр.68/04, бр.71/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.143/08, бр.143/08 и бр.124/10), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;

-После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на интервените отпадни материи во постојната депонија, се до изградба на предвидената депонија во Полошко-мавровската грвитациона зона, согласно Просторниот план на Р.Македонија.

- Планирање на современа инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина се базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, меѓу кои при планирање на Урбанистичкиот план вон населено место за сотпанска зона на м.в."Телот", КО Лишиќ и КО Марена, општина Кавадарци потсебно треба да се внимава на следното:

-Заштитата, унапредувањета и адекватната користење на природните предели, амбиенти и пејзажи во просторот во насока на зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;

-При изработка на Уранистичкиот план вон населено место да се имплентираат мерки за заштита на биодиверзитетот.

-Одржување накрајбрежната вегетација на водотеците во околина на предметната локација со цел заштита од ерозивен нанос.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материии и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

12.2. Заштитата на природно наследство

Од областа на заштита на природата (природното наследство и биолошката и пределската разновидност), урбанистичките планови треба да се усогласат со Просторниот план на Република Македонија на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

1 оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
2 оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
3 зачувување на доминантните карактристики на постојната состојба;
4 рационална изградба на инфраструктурата;
5 концентрација и ограничување на изградбата;
6 оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
7 правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06 и бр.84/07 и бр.35/10) и Законот за животна средина (Сл. в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, бр.48/10 и бр.124/10) потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Од Студијата за заштита на природното наследство изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, во општина Кавадарци има евидентирано природно наследство:

ПЕШТЕРНА ЦРКВА СВ. МАРКО СП (споменик на природата-предлог)

Во пештерата има зачувани фрески кои заради тешката пристапност се во доста добра состојба, со извесни мали оштетувања на фреските кои се со Културно-историско значење.

Според IUCN има меѓународен статус од III категорија и режим за заштита 3.

При изработка на Урбанистичкиот план вон населено место за стопанска зона на м.в. "Телот", КО Глишиќ и КО Марена, општина Кавадарци да се утврди точната локација и опфат на евидентираниот споменик на природата Пештерна Црква Св.Марко. Доколку истиот е во близина на сотпанската зона или навлегува во границите на планскиот опфат, да се предвидат соодветни мерки за зштита согласно Законо за заштита на природата (Сл.в. на РМ бр. 67/04, бр.14/06, бр.84/07 и бр.35/10) и строго да се почитуваат режимите за заштита и заштитните категории, согласно валоризацијата дадена во Просторниот план на Република Македонија – Студија за заштита на природното наследство, како и заштитните категории спрема Комисијата за национални паркови изаштитени пдорачја (Commission on Natonal Parks and Protected Areas – SNPPA) при Меѓународниот сојуз за заштита на природата и природните богатства (International Union for Conservation of Nature and Natural Resources IUCN).

Доколку при изработката на Урбанистичкиот план вон населено место или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

8 Утврдување на границите и означување на сите објекти прогласени и предложени за прогласување како природно наследство;

9 Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторниот план за подрачје со специјална намена;

10 Во подрачјата и зоните со строга заштита дозволени се само научно-истражувачки активности;

11 Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

12 Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

13 Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

14 Почитување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл. в. на РМ бр.67/04, бр.14/06 ,бр.84/07 и бр.35/10).

12.3. Мерки за заштита на културното наследство

15. Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита и културно наследство (Сл.весник на Р.Макеоднија бр. 20/04 бр.115/07 и бр.18/11).

15 (1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

16 1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;

17 2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и

18 3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

19 (2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

20 1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и

21 2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Заштита на културно – историското наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата, за потребите на Просторниот план на Републиката, изготви Експертен елаборат за заштита на недвижното културно наследство во кој е даден Инвентар на недвижно културно наследство од посебно значење.

Инвентарот содржи список на регистрирани и евидентирани недвижни културни добра, што подразбира список на недвижните предмети со утврдено својство споменик на културата, односно на недвижните предмети за кои основано се претпоставува дека имаат споменично својство. Тоа се: археолошки локалитети, цркви, манастири, џамии, бањи, безистени, кули, саат кули, турбиња, мавзолеи, конаци, мостови, згради, куќи, стари чаршии, стари градски јадра и други споменици со нивните имиња, локации, блиските населени места, период на настанување и општините во кои се наоѓаат спомениците.

Согласно Законот за заштита културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, бр. 115/07), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

Значаен дел од недвижното културно наследство (околу 45%), се наоѓа во руралните населби и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

На подрачјето кое е предмет на анализа нема регистрирани недвижни споменици културата (Експертен елаборат) ажурирани 2003 и 2004 год.

Во Археолошката карта на Република Македонија, која ги проучува :дисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите :миња до доцниот среден век, на анализираното подрачје, евидентирани се :алитети:

- КО Глишиќ – Градиште, утврдена населба од раноантичко и римско време, се наоѓа источно од селото Грамада, населба од неолитско и римско време, се наоѓа на 1 км. јужно од селото, меѓу патот и реката Луда Мара, Танко Патче, вила рустика од римско време, се наоѓа на северниот раб од селото на десниот брег на реката Луда Мара.
- КО Марена – Сува Чешма населба и некропола од доцноантичкото време се наоѓа на 3 км. југоисточно од селото.

Според Просторниот план на Р.Македонија, најголем број на цели се несуваат на третманот и заштитата на културното наследство во плановите од ниско ниво.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди чната позиција на утврдениот локалитет со културно наследство и во таа смисла да применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

15 задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;

16 планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;

17 измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство;

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 4/08), пречистен текст и 91/09 и 124/10 – измена и дополна) во просторните и обанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците а културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-онзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за аштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска елина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во росторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди егово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и аселените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни бликовни и естетски вредности.

Доколку при реализација на урбанистичкиот план се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за

заштита и културно наследство (Сл.весник на Р.Макеоднија бр. 20/04 бр.115/07 и бр.18/11).

(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува открените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

(2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Согледувајќи ги проблемите кои произлегуваат од загадувањето на животната средина е настојувано преку истражување на состојбите да се превземат мерки за намалување и спречување на натамошно загадување.

Создавањето и одржувањето на квалитетна животна средина е можно само со планско усмерување на техниката, економијата и просторнта политика.

Просторот на локалитетот "Телот" – Блок 1, преставува сочувана средина, без енорми еколошки нарушувања и со незагадени извори.

Од согледаната состојба на просторот на локалтиетот, потребно е да се превземат следните мерки:

- во однос на изградбата треба да се спазат показтелите за коефициентот на искористеност, процентот на изграденост како и дефинираната градежна линија.
- потреба од реализција на паркиралиштата со што ќе се намали загадување на воздухот и создавање на бука,
- озеленување на главните сообраќајници, како заштитен појас, со цел заштита од бука и загадување на воздухот,
- озеленување во партерот во склоп на слободните простори во рамки на оформените урбанистички парцели, независно од планираната основна намена, со дел за подобрување на микроклимата во локлантетот и градот пошироко,
- комплетна реализација на планираната инфраструктура , особено отстранување на септиците и прифаќање на отпадните и атмосверски води.

Мерки и средства за заштита и санација на животната средина

Основни загадувачи на предметниот простор преставува постоењето на моторниот сообраќај, кој е периферно планиран во рамки на планскиот опфат.

Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита;
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита;
- извори на бучава и мерки за заштита.

Аерозагадување и мерки за заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да преставува загрижувачка опасност по загадувањето по животната средина.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот предвидено е сите слободни површини парковски да се уредат, а просторот во рамки на планираните градежни парцели, соодветно партерно да се уреди и делумно зазелени.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу градбите во рамките на секоја градежна парцела поединечно со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во планскиот опфат.

Во однос на градбите треба да се испочитуваат планираните урбанистички параметри, односно показателите за коефициентот на искористеност, процентот на изграденост како и дефинираната градежна линија.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04).

При реализација на Урбанистичкиот план да се почитуваат мерките за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ број 36/04;49/04; 86/08; и124/10)

Право и должност е на Република Македонија, Општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Законот за животна средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, бр. 81/05, бр. 24/07, бр. 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10, бр. 124/10).

Цели на овој Закон се:

- зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- заштита на биолошката разновидност;
- рационално и одржливо користење на природните богатста и
- спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е **систем на мерки и активности** (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

а). Оцена на влијанијата на определени проекти врз животната средина

Согласно Законот за животна средина (Сл. весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, бр. 83/09, бр. 48/10, бр. 124/10) и Уредбата за определување на проектите и

критериумите врз основа на кои се утрдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина (Сл. вес. на РМ бр. 74/05), треба да се утврди потреба за спроведување на постапката за оцена на влијанијата на проектот врз животната средина.

Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина, во согласност со критериумите утврдени во членовите 5, 6, 7 и 8 од оваа Уредба, ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина;

Министерството за животна средина и просторно планирање, донесе Мислење за спроведување на постапка за Оцена на влијанието врз животната средина, за предметниот простор, кое е целосно испочитувано.

Природни реткости

Врз основа на одредени критериуми и валоризација на просторот на подрачјето на планскиот опфат, не се утврдени објекти или предели кои се сметаат за природни богатства и како такви треба да бидат ставени под посебен вид на заштита.

Мерки за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. в. на РМ бр. 67/04, 92/07, 35/10).

Амбиентен воздух е надворешен воздух во тропосферата во кој не е опфатен воздухот на работното место, а неговиот квалитет е состојба на амбиентниот воздух, прикажан преку степенот на загаденост.

Извори на загаденост на амбиентниот воздух согласно овој закон се:

1. инсталации кои се користат во технолошки процеси и енергетски градби (стационарни извори);

2. мотори со внатрешно согорување вградени во возила (подвижни извори);

3. горива.

Управувањето со квалитетот на амбиентниот воздух се врши преку:

- оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и
- донесување и спроведување на плански документи.

Заради реализирање на квалитетот на амбиентниот воздух согласно овој закон, како и за нивно планирање и реализирање, се изработуваат:

1. Национален план за заштита на амбиентниот воздух (План) и
2. Програма за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на амбиентнот воздух (Програма).

Планот го донесува Владата на Република Македонија, а Програмата, на предлог на градоначалникот, ја донесува Советот на општината.

Мониторингот на состојбите и промените на квалитетот на амбиентниот воздух, се врши на начин и под услови утврдени со овој закон.

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кој се јавуваат по ободните улици на планскиот опфат, бидејки во внатрешноста на планскиот опфат не е дозволен моторен сообраќај, од причина што централниот градски парк е планиран исклучиво како мирна пешачка зона. Моторниот пристап до постојните и планираните градби во внатрешноста на паркот, како и заштитните мерки - противпожар се решаваат режимски.

Од горенаведеното може да се заклучи дека загадувањето од издувните гасови од возилата нема да има битно влијание на третираниот простор.

Се претпоставува дека загадувањето што ќе биде предизвикано од начинот на греењето, нема да преставува загрижувачка опасност по загадувањето на животната средина, бидејќи греењето се планира да биде централно приклучено на градскиот топлификационен систем.

Мониторинг на емисии од стационарни извори

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1). инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и

2). обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори

1) Правните и физичките лица сопстеници, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки суптанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат ситем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2) Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдуање на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

Мерки за заштита на води

Задолжително испитување на пречистените води, пред испуштање во најблискиот природен реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, дадени во Уредбата за класификација на водите (Сл. в. на РМ бр. 18/99) член 4.

Управување со отпадот

Со Законот за управување со отпадот (Сл. в. на РМ бр. 68/04, бр. 107/07, бр. 102/08 и 143/08, бр. 124/10) се уредуваат: управувањето со отпадот, плановите и програмите за управување со отпадот, правата и обврските на правните и физичките лица во врска со управувањето со отпадот, начин и условите под кои може да се врши собирање, транспортирање, третман, преработка, складирање, и остранување на отпадот и др.

Целите на овој закон се да се обезбеди:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на созданениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштита на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина;

- остранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Управувањето со отпадот е дејност од јавен интерес, која се врши во согласност со одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Приоритети при управување со отпадот:

1. Создавачите на отпад се должни, во најголем мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2. При управување со отпадот, по предходно извршена селекција, отпадот треба:

- да биде преработен по пат на рециклирање, повторна употреба или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или
- да се користи како извор на енергија.

Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

Надлежните органи на Република Македонија, општините, правните и физичките лица кои управуваат со отпадот, во согласност со овој закон, се должни да донесуваат и да спроведуваат стратешки, плански и програмски документи за управување со отпадот.

План за управување на отпад на РМ, се донесува за период од шест години. За реализација на Планот за управување со отпадот на РМ, советот на општините, донесуваат план за управување со отпадот на општината, за период од три години, а не подолго од шест години.

Скалидирање и собирање на отпадот

За цврстиот отпад се предвидува поставување на канти и контејнери за отпадоци на погодни места и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување на почвата и на подземните води, а со тоа и на животната и работната средина.

Мерки за заштита од бучава во животната средина

Управувањето со бучавата во животната средина и заштита од бучавата во животната средина, е предмет на уредување на Законот за заштита од бучава во животната средина (Сл. весник на РМ бр. 79/2007, бр. 124/10).

Цели на овој закон се:

1. создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава;
2. преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата;
3. преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување;
4. остранување или намалување на штетните ефеки кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина

5. обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура и др.

Определување на мерки за заштита од бучава во животната средина

Правните и физичките лица се должни да и преземаат следниве мерки за заштита од бучава:

- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат опрема, средства и апарати наменети за помош во домаќинството, кои создаваат бучава во рамките на граничните вредности на ниво на бучава;
- да одбираат, набавуваат и употребуваат производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведуваат градежни работи, како и да превземаат заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзиното доведување во рамките на граничнит вредности на ниво на бучава;
- да изведуваат градби кои ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава кои се однесуваат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просторите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството;
- да вградат или постават соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава;
- да ги извршуваат своите активности на начин кој не дозволува предизвикување од бучава на животната средина над граничните вредности на ниво на бучава;
- да се воздржат од преземање на дејствија и активности кои создаваат непријатност од бучава кај луѓето;
- мониторинг на бучавата согласно со интегрираните еколошки дозволи и
- да превземат други мерки со цел за заштита од бучава.

12.4. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Сл.в. на РМ бр. 42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и бр.124/10), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр. 67/04) и Законот за управување со кризи (Сл.в. на РМ бр. 29/05), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката.Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување (С.в. на РМ бр. 36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 124/10, бр. 18/11), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04), како и: Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари (Сл. весник на РМ бр. 98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини (Сл. весник на РМ бр. 98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед (Сл. весник на РМ бр. 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
-Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и
- Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината.

Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување и
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и

населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на РМ бр. 105/05), како и учество во техничкиот преглед.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08 и бр.124/10) а во функција на уредување на просторот задолжително се, обезбедува:

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, бр,49/04, бр.86/08 и бр.124/10), се предвидуваат:

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овие урбанистичко-технички мерки се закон.

- Засолнување
- Заштита и спасување од поплави
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средатва
- Заштита и спасување од урнатини
- Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

- Евакуација,
- Згрижување на загрозеното и настраданото население
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- Прва медицинска помош
- Заштита и спасување на животни и производи од животински потекло
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
- Асанација на теренот.

Дел од овие урбанистичко-технички мерки потребно е да се применат во границите на третираниот плански опфат како во рамките на урбанистичкото планирање така и при изработка на основните проекти на градбите предвидени со оваа планска документација.

12.4.1. Урбанистичко технички мерки

- **Засолнување**

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр. 36/04, бр,49/04, бр.86/08 и бр.124/10). засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржувавње и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување на и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување, а истите се вградени во урбанистичките планови.

Јавните засолништа според отпорноста се градат како засолништа за основна заштита, во согласност со техничките нормативи за изградба на јавни засолништа што ги донесува директорот на Дирекцијата.

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр. 36/04, бр.49/04, бр.86/08 и 124/10), јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единиците на локалната самоуправа за мерките за заштита и спасување.

Согласно член 65 од претходно цитираниот Закон определувањето на потребниот број на засолнишни места со Уредба ги уредува Владата а врз основа на намената на градбите и новопроектираната корисна површина.

Републиката има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени градби што ќе ги утврди Дирекцијата.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

По дефинирањето на намената и површината на секој објект, согласно одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11), Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. . на РМ бр. 104/05) и Уредбата за начинот на изградбата, одржувањето и на потребниот број на засолнишни места (Сл. в. на РМ бр. 80/05), Дирекцијата за заштита и спасување ќе може да се произнесе за потребниот број на засолништа, нивниот капацитет и степенот на заштита.

- **Заштита и спасување од поплави**

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни градби, набљудување и санирање на оштетени делови на заштитните градби, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните градби и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје и негова евакуација и спасување, како и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Заштита од поплави заради обилни врнежи е обезбедено со правилно димензионирање на атмосферската и канализациона мрежа, како и со регулација на постојните води.

За заштита од можни загадувања од постоечките водени канали кои поминуваат низ блокот (опфат), потребно е одржување од соодветните служби.

- **Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи**

Превентивни мерки за заштита и спасување од пожар, експлозии и опасни материи се активности кои ќе планираат и спроведуваат со просторното и

урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање на изградба на градбите.

Инвеститорот во проектната документација за изградба на градби, како и за градби на кои се врши реконструкција – пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожар, експлози и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи. Од изработка на елаборатите се иземаат станбени градби со висина на венецот до 10 м. и јавните градби со капацитет за истовремен престој до 25 лица. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожар, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување согласно член 70, од Законот за заштита и спасување (С. в. на РМ бр. 36/04, бр. 49/04, бр. 86/08, бр. 124/10, бр. 18/11). Организацијата и спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожар, која се остварува во рамките на системот за заштита и спасување се уредува со Законот за пожарникарство (Сл. весник на РМ бр. 67/04,бр.81/07), и Уредбата за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари (Сл.в. на РМ бр. 98/05 год.), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл.весник на РМ бр. 94/09), и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Во однос на диспозицијата на противпожарната заштита, планскиот опфат, во случај на пожар ќе го опслужува противпожарната единица од Кавадарци.

Во процесот на планирање потребно е да се води сметка за конфигурација на теренот, степен на загрозеност од пожари и услови кои им погодуваат на пожарите: климатско-хидролошките услови, ружата на ветрови и слично, кои имаат влијание врз загрозеност и заштита од пожари.

Заради поуспешна заштита од ваквите појави се превземаат низа мерки за отстранување на причините за предизвикување на пожари, спречување на нивното ширење, гаснење и укажување помош при отстранување на последиците предизвикани со пожари.

Сообраќајниот систем во планскиот опфат се состои од сообраќајници кои овозможуваат лесен пристап на противпожарните возила до градбите.

При концепирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до градбите.

Со планирање на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, согласно Закон за пожарникарство(Сл.Весник на РМ број 67/04).

- **Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства**

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.Македонија бр. 36/04, бр. 49/04 и бр.86/08) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓае на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определенто и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и

уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедура за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

- **Заштита и спасување од урнатини**

Заштитата и спасувањето од урнатини, опфаќа превентивни и оперативни мерки. За овој план важни се превентивните мерки за заштита од уривање, кои се состојат од активности кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на градбите. Ова подразбира да се градат градби асеизмички, да се обезбеди слободен проток на сообраќајниците и да не се создаваат тесни грла на истите, да се обезбеди депонија за складирање на градежниот одпад, при евентуални урнатини. Организацијата и спроведувањето на спасувањето од урнатини, кое се остварува во рамките на системот за заштита и спасување, се уредува со Уредбата за спроведување на спасувањето од урнатини (Сл.в . на РМ бр. 98/05 год.).

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интензитет од 8 степени MSS потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на градбите.

Густината на градбите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичко проектирање, со помали висини градби и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

При реализација на Урбанистичкиот план, согласно членовите 13,14,34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Законот за заштита и спасување (Сл.Весник на РМ број 36/04; 49/04; 86/08 и 124/2010;), Закон за пожарникарство(Сл.Весник на РМ број 67/04) и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и Изградбата на објектите (Сл.Весник на РМ број 105/05).Од таа причина во натамошниот дел од ова поглавие се цитирани Законските одредби и обврски:

- **Заштита и спасување од техничко – технолошки катастрофи**

Заштитата и спасувањето од техничко-технолошките несреќи опфаќа преземање на превентивни и оперативни мерки во индустриските градби, кои во производниот процес употребуваат метерии или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и матријалните добра.

Едно од можните и неопходно потребни превентивни мерки за заштита од техничко - технолошки катастрофи е планирањето, кое преку осознавање и анализа на состојбите и опасностите од можните инциденти, во одржувањето на инсталациите и опремата, треба да создаде прифатлив однос кон животната средина. Притоа основните методолошки постапки за планирање и уредување на просторот се:

-оценка на состојбите на природните компоненти на животната средина и степенот на загрозеност од појава на технички катастрофи;

-оценка на оптовареноста на просторот со технолошки системи со одредено ниво на ризик;

-анализа на меѓусебната зависност на природните услови и постојните технолошки системи;

-дефинирање на нивото на постојниот ризик при редовна секојдневна работа на технолошките системи и при појавата на инцидентни случаи;

-процена на загрозеноста на луѓето и материјалните добра;

-утврдување на критериумите за избор на оптимална варијанта на заштита врз основа на проценетиот степен на загрозеност.

Со примена на оваа методолошка постапка може де се очекува остварување на следните основни цели за заштита од техничко-технолошки катастрофи:

-максимално усогласување и користење на просторот од аспект на заштита во рамките на просторните можности;

-вградување на мерките на кои се засновува организацијата на заштита и спасување на човечките животи и материјалните добра од техничко-технолошки катастрофи во определувањето на намената на просторот;

-интегрирање на елементите на загрозеноста во рамките на комплексот на прашањата врзани со заштитата на животната средина.

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина постојат три нивоа на преземање на сигурносни, превентивни мерки:

Прво ниво: ги вклучува сите мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи.

Второ ниво: се однесува на сите мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии.

Трето ниво: вклучува мерки кои се преземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи, или последици од пожар и експлозии.

-При изработката на плановите од пониско ниво треба да се има предвид следното:

-потребата од оформување на системот на евиденција и анализа на технолошките акциденти, компактибилен на системот МАРС на Европската унија, како база за евиденција на опасни материјали, присутни во технолошките постројки и можни причини на катастрофи.

-потребата од предвидување на превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

-изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

12.4.2. Хуманитарни мерки

- **Евакуација**

Евакуацијата се состои од планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време. Евакуацијата на населението во друга општина не смее да доведе до нарушување во извршување на нејзините надлежности.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфака прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното населние. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задолжува надвор од своето место на живеење.

На површината на предметниот плански опфат се предвидени градежни парцели со намена домување, мерки за згрижување на население би се дефинирале во потребен момент, со интервентен план за евакуација и времено сместување.

- **Радилошка, хемиска и биолошка заштита**

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремно откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за остранување на последиците од нив.

Сопстениците на градбите во кои се произведуваат и складираат опасни метерии, сопствениците и корисниците на градбите и уредбите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени произоди, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на градби во кои се врши згрижување и образование на деца, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

- **Прва медициска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето – заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок на дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на амбуланта Росоман или клиника во Кавадарци би изнесувал од 15 до 20 мин.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и инситуции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прични средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во живото секојдневно работење. во Спроведување наоперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијат со своите единици и тимови.

- **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и живо редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ке се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

12.5. Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

-државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);

-енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;

-градежните објекти важни за државата;

-капацитетите на туристичката понуда;

-стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);

-капацитетите за користење на природните ресурси;

Просторните планови на регионите и на подрачјата од посебен интерес просторните планови на општина, на општините во градот Скопје и на Градот Скопје и урбанистичките проекти се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

-намената и користењето на површините;

-мрежата на инфраструктура;

-мрежата на населби;

-заштитата на животната средина;

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија);

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

9)-Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.

10)-Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.

11)-Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

12.6. Услови за движење на инвалидизирани лица

Условите за движење на инвалидизирани лица се пропишани во точка 13, од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 142/10). Според овој Правилник составен дел на урбанистичките планови се конкретни мерки за создавање на услови за непречено движење на инвалидизирани лица во рамките на планскиот опфат.

- Површините за движење на пешаците (тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади и плоштатки), секаде каде дозволуваат условите мора да се со континуирана нивелета, без скалести денивелации, со подолжен наклон од најмногу 8,33 %;
- Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мора да се совладаат со скали, со урбанистички план задолжително се предвидува алтернативна врска со рампа со пад мак. 8,33 % или 1:12. Овие рампи се димензионираат за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала ширина е 1,65 м. а оптимална ширина 1.80 м.
- Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина: за наклон 8,33 % (1:12) мак. должина на рампата е 9,0 м, за наклон 6,66 % (1:15) мак. должина на рампата е 12.0 м. за наклон 5.0 % (1:20) мак. должина на рампата е 15.0 м, а за неопходни поголеми должини на рампата, задолжително се планира одморалиште, со најмала должина е 1.50 м, а оптимална должина е 1.80 м.
- При планирање на елементи на уличната мрежа, задолжително се предвидуваат рампи за секој пешачки премин за совладување на денивелацијата помеѓу тротоарот и коловозот:
- Минималната ширина на рампата е 1.00 м, а оптималната ширина е 1.80 м; најголем наклон на рампата е 20 % (1:5), а оптималниот наклон е 8,33 % (1:12).

Постојната и времената урбана опрема на јавните пешачки површини не смее да претставува архитектонска бариера и да го попречува или отежнува сообраќајот на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

УРБАНИСТ – ПЛАНЕР
Снежана Поповска, диа.
Овластување број 0.0030

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Бр.11-360/10 од 07.06.2023

Сектор за комунални работи, урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина Кавадарци
Одделение за урбанизам

ИЗВОД ОД ПЛАН
Урбанистички план вон населено место на КПбр.427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1 м.в. Прогонот Глишиќ Општина Кавадарци (Плански период 2016-2026)
УПС за село: _____
УП вон населено место:_____
Одлука бр.08-1808/7 од 30.03.2021
Намена на градба
КО: Глишиќ КП.
ДЛ: *М:* 1 : 1000

Извод за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1-1-сообраќајна инфраструктура за изградба на велосипедска и пешачка патека од Западен Булевар до фабрика Дрекслмајер, КО Глишиќ и КО кавадарци вон град Општина Кавадарци

Содржи:

1. Графички дел

–Заверена копија од синтезен план, легенда
-заверена копија од сообраќаен и нивелациски план, легенда

2.Текстуален дел:

- Заверена копија од општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.

Изготвил: арх.тех.Ленча Тодорова

Контролирал:
м-р диа Марија Данаилова

LENCHA TODOROVA
Digitally signed by LENCHA TODOROVA
Date: 2023.06.07 11:45:58 +02'00'

MARIJA DANAILOVA
Digitally signed by MARIJA DANAILOVA
DN: C=MK, OU=VAT - 4011004124215, OID.2.5.4.97=NTRMK-5995965, O=OPSHTINA KAVADARCI, SERIALNUMBER=194123, T=SOVETNIK, SN=DANAILOVA, G=MARIJA, CN=MARIJA DANAILOVA
Reason: I am the author of this document
Location: your signing location here
Date: 2023.06.07 11:46:32+02'00'
Foxit PDF Editor Version: 11.0.0

Раководител на Сектор
дги Александра Деневска

Aleksandra Denevska
Digitally signed by Aleksandra Denevska
DN: C=MK, OU=VAT - 4011004124215, OU=Sektor za urbanizam, OID.2.5.4.97=NTRMK-5995965, O=Opstina Kavadarci, SERIALNUMBER=198890, T=" Rakovoditel na sektor ", SN=Denevska, G=Aleksandra, CN=Aleksandra Denevska
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.06.07 12:48:21+02'00'
Foxit PDF Reader Version: 12.0.1

м.п

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	2.78ха (27771.27м²)
БРОЈ НА БЛОК	1
ПОВРШИНА НА БЛОК	2.44ха (24381.64м²)
ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ПОД НАМЕНСКИ ЗОНИ	2.09ха (20850.24м²)
НАМЕНСКА ЗОНА Г - Производство, дистрибуција и сервиси	
ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ПОД СООБРАЌАЈНИЦИ	0.69ха (6921.03м²)
КОЛОВОЗ / ТРОТОАР	0.43ха (4363.64м²)
Д2 - ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	0.26ха (2557.39м²)
УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	ќе се дефинира со АУП
РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	
БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	
ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА	Г - Производство, дистрибуција и сервиси Д - Зеленило и рекреација Е - Инфраструктура
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија Д2 - Заштитно зеленило Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајници



КООРДИНАТИ НА ОСОВИНСКИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:		
T27	7583950.364	4591343.876
T28	7584097.428	4591246.337
T29	7583973.918	4591133.805
T30	7583925.428	4591351.704

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

НА КП БР. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 И ДЕЛ ОД КП БР.1409/4, 1389/2 И 1390/1, М.В. ПРОГОНОТ, КО ГЛИШИЌ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

-ПРЕДЛОГ ПЛАН-

ПЛАНСКИ ПЕРИОД **2016-2026**

СИНТЕЗЕН ПЛАН

- Планска документација-

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура

Г - ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ
Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д2 - Заштитно зеленило

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=**2.78**ха (27771.27м²)
ГРАНИЦА НА БЛОК
БЛОК 1 — БРОЈ НА БЛОК
РЛ — РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА

Г2 — КЛАСА НА НАМЕНИ
П+3 — КАТНОСТ
H=15м — МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ
ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 20м
ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕКА - КАНАЛ 50м
ТЕК НА РЕКА - КАНАЛ
402.21 I=4.99% L=176.53 — ПРОЕКТИРАНИ ВИСИНСКИ КОТИ ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН

ПОСТОЈНИ ИНСТАЛАЦИИ
ПОСТОЕН СН 10(20)kV ВОД
ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
Писмо од ЕВН Македонија АД, Скопје КЕЦ Кавадарци бр. 14-174/2 од 24.01.2018год.
Ø250 — ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
Писмо од ЈП "Комуналец" – Кавадарци, бр. 09-195/2 од 12.02.2018 год.
ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ
Писмо од Македонски Телекомуникации АД Скопје бр. 495169/1 од 27.12.2017 год.
ПОСТОЕН ОПТИЧКИ КАБЕЛ
Писмо од АЕК Скопје бр. 1404-3351/2 од 29.12.2015 год.
PVC Ø225 — ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА ЦЕВКА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПОВРШИНИ
ХИДРАНТ Ø125
Водостопанство на РМ - Скопје, Подружница Тиквеш (по ЈА)

M=1:1000
0 10 20 40 60 80 100м

N

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ УЛ.ЖИВКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk	УПРАВИТЕЛ: **м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа**	ТЕХ.БР. **15/16** **КУМАНОВО** **12.2020**
ЛОКАЦИЈА: **КП БР. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 И ДЕЛ ОД КП БР.1409/4, 1389/2 И 1390/1, М.В. ПРОГОНОТ, КО ГЛИШИЌ** ОПШТИНА: **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**	НАЗИВ НА ПЛАНОТ: **УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО НА КП БР. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 И ДЕЛ ОД КП БР.1409/4, 1389/2 И 1390/1, М.В. ПРОГОНОТ, КО ГЛИШИЌ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** ДОНЕСУВАЧ НА ПЛАНОТ: **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**	РАЗМЕР: **1/1000**
ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: **м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа** 0.0368 СОРАБОТНИЦИ: **м-р БИЉАНА НАСКОВИЌ, диа** 0.0369 **МАРИЈА ЛАЗАРЕВСКА, диа** 0.0539 **м-р ЈОВАН ХРИСТОВСКИ, дси** 5.0001	ПРИЛОГ: **СИНТЕЗЕН ПЛАН**	**У** **06**



КООРДИНАТИ НА ОСОВИНСКИ ТОЧКИ НА СООБРАЌАЈНИЦИ:		
T27	7583950.364	4591343.876
T28	7584097.428	4591246.337
T29	7583973.918	4591133.805
T30	7583925.428	4591351.704

КООРДИНАТИ НА ТОЧКИ НА РАДИУС НА СООБРАЌАЈНИЦИ:		
T01	7583923.416	4591319.365
T02	7583923.576	4591297.668
T03	7583935.879	4591221.849
T04	7583948.513	4591188.039
T05	7583961.819	4591157.678

ТДГР ГЕОДЕТСКИ ПРЕМЕР ДООЕЛ - КАВАДАРЦИ		Ажурирана геодетска подлога за даден опфат
Деловоден број	0805-162	
Датум	28.03.2016	Размер 1:500
Изработил	Анголче Казачев дипл.геод. инж	

размер на поречни пресеци
M=1/250

ПРЕСЕК 1-1
Регионален пат 1107 (Росоман - Кавадарци)

ПРЕСЕК 1а-1а
Регионален пат 1107 (Росоман - Кавадарци)

ПРЕСЕК 2-2
Улица "1" (сервисна улица)

ПРЕСЕК 3-3
Тек на река - канал до Регионален пат 1107
(Росоман - Кавадарци)

ПРЕСЕК 4а-4а
Излезна лента од Регионален пат 1107
(Росоман - Кавадарци)

ПРЕСЕК 4б-4б
Влезна лента кон Регионален пат 1107
(Росоман - Кавадарци)

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО
НА КП БР. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 И ДЕЛ ОД КП БР.1409/4, 1389/2 И 1390/1, М.В. ПРОГОНОТ, КО ГЛИШИЌ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

-ПРЕДЛОГ ПЛАН-

ПЛАНСКИ ПЕРИОД **2016-2026**

СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН
- Планска документација-

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Е - ИНФРАСТРУКТУРА
Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајна инфраструктура

Д - ЗЕЛЕНИЛО И РЕКРЕАЦИЈА
Д2 - Заштитно зеленило

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ П=**2.78**ха (27771.27м²)
ГРАНИЦА НА БЛОК
БЛОК 1 БРОЈ НА БЛОК
РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
Т2 КЛАСА НА НАМЕНИ
П=3 КАТНОСТ
Н=15м МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ХОРИЗОНТАЛЕН ВЕНЕЦ
ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕГИОНАЛЕН ПАТ 20м
ЗАШТИТЕН ПОЈАС НА РЕКА - КАНАЛ 50м
ТЕК НА РЕКА - КАНАЛ
402.21 (+0.00%) L=176.53 ПРОЕКТИРАНИ ВИСИНСКИ КОТИ ПОДОЛЖЕН НИВЕЛМАН

М=1:1000
0 10 20 40 60 80 100м

ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ УЛ.ЈОВЕКО ЧАЛО 23, 1300 КУМАНОВО www.tajfa.mk | contact@tajfa.mk		УПРАВИТЕЛ: м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа	ТЕХ.БР. 15/16 КУМАНОВО 12.2020
ЛОКАЦИЈА: КП БР. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 И ДЕЛ ОД КП БР.1409/4, 1389/2 И 1390/1, М.В. ПРОГОНОТ, КО ГЛИШИЌ		НАЗИВ НА ПЛАНОТ: УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО НА КП БР. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 И ДЕЛ ОД КП БР.1409/4, 1389/2 И 1390/1, М.В. ПРОГОНОТ, КО ГЛИШИЌ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ	РАЗМЕР: 1/1000
ОПШТИНА: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ		ДОНЕСУВАЧ НА ПЛАНОТ: ОПШТИНА КАВАДАРЦИ	У
ПЛАНЕР ПОТПИСНИК: м-р СТЕФАН ЛАЗАРЕВСКИ, диа	0.0368	ПЛАНОТ: СООБРАЌАЕН И НИВЕЛАЦИСКИ ПЛАН	04
СОРАБОТНИЦИ: м-р БИЉАНА НАСКОВИЌ, диа	0.0369		
МАРИЈА ЛАЗАРЕВСКА, диа	0.0539		
м-р ЈОВАН ХРИСТОВСКИ, дси	5.0001		

7. УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УПВНМ

Со Условите за спроведување на предметниот план се утврдува начинот на понатамошна операционализација на планските одредби во рамките на предметниот плански опфат, кој во случајов е составен од еден (1) блок, а согласно член 13, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење односно, катастарската парцела претставува градежна парцела. Согласно член 51 од горе-споменатиот Закон, за градежната парцела треба да се изработи Архитектонско - урбанистички проект со кои ќе се формираат две или повеќе градежни парцели или на една градежна парцела може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби.

Согласно член 51, став 3, алинеа 7 со еден или повеќе архитектонско-урбанистички проекти може да се формираат посебни градежни парцели со урбанистичко решение за секоја градежни парцели посебно при разработка на урбанистички план за вон населено место во случаите кога градежната парцела се состои од две или повеќе катастарски парцели или кога во рамки на една катастарска парцела се формираат две или повеќе градежни парцели или кога на една катастарска парцела се предвидуваат две или повеќе градби. Архитектонско-урбанистичките проекти треба да се изработат со содржина и форма пропишана во член 13 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начиноот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр. 142/15).

За сите Инфраструктурните водови потребно е да се изработат Проекти за инфраструктура.

7.1. Општи услови за градење

Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на Урбанистичкиот план вон населено место, односно за изготвување на Извод од Урбанистички план вон населено место.

Основните урбанистички параметри за урбанистичко планирање се дефинирани според Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) и со содржина согласно Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, Урбанистички план вон населено место, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план, формата, содржината и начинот на обрбаотка на урбанистичко-планските документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржина, формата и начиноот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл.весник на РМ бр.142/15).

За делот од планираното сообраќајно решение кое е надвор од планскиот опфат, потребно е да се изработи и одобри соодветна урбанистичко-проектна документација и да се обезбеди режим на сообраќај за поврзување на планираната улица „1“ со Регионалниот пат Р1107 пред издавање на одобрение за градба во предметната градежна парцела.

7.2. Плански опфат

Границата на планскиот опфат се утврдува врз основа на член 5, 6 и 7 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Согласно член 7 од предходно цитираниот Правилник, границата на планскиот опфат треба да биде:

- рационална, економична, правилна линија, линија на опкружување со колку што е можно помала должина
- линијата што ќе се совпаѓа или ќе ги следи линеарните зададености на теренот, било да се природни (рељеф, водени текови и др.) или создадени (пат, оска на улица, граница на катастарска парцела, граница на подрачје со иста намена и др.) и
- линија која нема да ја намалува вредноста на земјишето што го дели или ја попречува неговата намена и начин на користење делејќи го на неупотребливи делови

Дел од планскиот опфат на предметниот Урбанистички план вон населено место веќе бил предмет на урбанистичко планирање во минатото со ЛУПД за КП 427 и 426/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, лесна индустрија Г2, Решение бр.14-4373/5 од 13.10.2014 год., и истиот е интегриран во предметниот плански опфат на Урбанистички план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, означени со редни броеви од 1 до 26 и кои се дадени табеларно со X и Y координати. Планскиот опфат зафаќа вкупна површина од 2,78ха (27771,27м²) и има периметар од 667,63м'.

КООРДИНАТИ НА ПЛАНСКИ ОПФАТ		
	X	Y
T1	7583941.390	4591354.680
T2	7583946.407	4591350.850
T3	7583960.260	4591341.520
T4	7583969.410	4591335.130
T5	7584019.290	4591303.790
T6	7584034.700	4591293.490
T7	7584058.720	4591277.440
T8	7584089.050	4591257.170
T9	7584098.371	4591250.011
T10	7584069.680	4591140.480
T11	7583982.300	4591134.770
T12	7583966.010	4591132.895
T13	7583958.890	4591144.110
T14	7583942.620	4591171.320
T15	7583929.440	4591200.700
T16	7583922.610	4591215.900
T17	7583920.850	4591226.760
T18	7583919.440	4591238.970
T19	7583914.210	4591278.400
T20	7583914.670	4591336.730

T21	7583914.940	4591343.420
T22	7583917.930	4591344.030
T23	7583919.460	4591356.080
T24	7583926.320	4591351.050
T25	7583927.710	4591352.810
T26	7583929.850	4591353.070

7.3. Блокови

Согласно член 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) блокот претставува посложена единица на градежното земјиште која се состои од една или повеќе градежни парцели и градежно земјиште за општа употреба. Границата на блокот се совпаѓа со оски на улици, регулациони линии, наменски зони, граници на градежни парцели и граници на катастарски парцели.

Во планскиот опфат на предметниот Урбанистички план вон населено место, предвиден е 1 блок, означен со арапски цифри, со површина од 2.44ха (24381.64м²), чиишто билансни показатели се дадени подолу:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ	
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	**2.78ха** (27771.27м²)
ПОВРШИНА НА БЛОК	**2.44ха** (24381.64м²)
ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ПОД НАМЕНСКИ ЗОНИ	**2.09ха** (20850.24м²)
НАМЕНСКА ЗОНА Г - Производство, дистрибуција и сервиси	2.09ха (20850.24м²)
ПОВРШИНА НА ЗЕМЈИШТЕ ПОД СООБРАЌАЈНИЦИ	**0.69ха** (6921.03м²)
Коловоз	0.43ха (4363.64м²)
Д2 – Заштитно зеленило	0.26ха (2557.39м²)
УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	**ќе се дефинира со АУП**
РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	
БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	
ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА	**Г - Производство, дистрибуција и сервиси** **Д - Зеленило и рекреација** **Е - Инфраструктура**
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	**Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија** **Д2 - Заштитно зеленило** **Е1 - Комунална инфраструктура - сообраќајници**

7.4. Регулациона линија

Согласно член 13 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), регулационата линија е планска одредба со која се означува граница меѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште наменето за поединечна употреба.

Во планскиот опфат на предметниот Урбанистички план вон населено место, регулационата линија се поклопува со линијата на градежната парцела во деловите кон сообраќајната инфраструктура односно заштитното зеленило.

7.5. Граница на градежна парцела

Согласно член 16 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), граница на градежна парцела како планска одредба во урбанистички план е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

7.6. Градежни парцели

Согласно член 17 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна парцела е ограничена со регулаторни линии – регулациона линија и граница на градежна парцела кои се плански одредби во урбанистички план и урбанистичко планка документација што ја обележуваат промената на ноителот на право на градење.

Во Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, согласно член 13, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење. Согласно член 51 од горе-споменатиот Закон, за градежната парцела треба да се изработи Архитектонско - урбанистички проект со кои ќе се формираат две или повеќе градежни парцели или на една градежна парцела може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби.
Влезот во градежните парцели ќе се уредува преку сервисна „Улица 1“.

7.7. Намена на земјиште

Намената на земјиштето согласно член 24 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) се уредува на ниво на наменска зона. Наменска зона е ограничена површина на градежното земјиште со иста наменска употреба на земјиштето.

Во планскиот опфат на предметниот Урбанистички план вон населено место, согласно Член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) дефинирани се следните групи на класи на намена и поединични класи на намена:

Производство, дистрибуција и сервиси - група на класа на намени Г:

- Лесна и незагадувачка индустрија - основна класа на намена **Г2;**

Со предметниот Урбанистички план вон населено место, основната класа на намени **Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија** се дополнува со следните компатибилни класи на намени на основната класа на намена:

- **Б1 – Мали комерцијални и деловни намени** до максимално 30%,
- **Б2 – Големи трговски единици** до максимум 30%,
- **Б4 – Деловни простори** до максимално 10%,
- **В2 – Здравство и социјална заштита** до максимално 5%,
- **Д2 – Заштитно зеленило** до максимално 30%,
- **Д3 – Спорт и рекреација** до максимално 30%.
- **Д4 – Меморијални простори** до максимално 30%,
- **Г3 – Сервиси** до максимално 49%,

- **Г4 – Стовариште** до максимално 49%,
  или максимален дозволен процент (%) на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната класа на намена во планот - 49%, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Со предметниот Урбанистички план вон населено место, како карактеристики на сообраќајната инфраструктура, утврдени се и следните групи на класа на намена, односно основни класи на намена:

Зеленило и рекреација - група на класа на намени Д:
- Заштитно зеленило - основна класа на намена **Д2.**

Инфраструктура - група на класа на намени Е:
- Комунална инфраструктура - основна класа на намена **Е1.**

За нив, во рамките на планскиот опфат, предмет на овој Урбанистички план вон населено место, не се предвидува компатибилна класа на намена.

7.8. Градежни линии

Согласно член 34 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради.

Со Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, согласно член 13, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење. Понатамошната разработка на УПВНМ со Архитектонско-урбанистички проект предвидува поставување на градежните линии дефинирани на следниот начин:

- на растојание од минимум 3,0м од границата на градежната парцела во деловите каде не се применува член 40 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16),
- во деловите кон Регионалниот пат Р1107 задолжително се применува член 40 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16).

Притоа да се почитуваат членовите 36-40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

7.9. Површини за градење

Согласно член 37 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите.

Со Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, согласно член 13, став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) не се утврдуваат градежни парцели и површини за градење. Согласно член 51 од горе-споменатиот Закон, за градежната парцела треба да се изработи Архитектонско - урбанистички проект со кои ќе се формираат две или повеќе градежни парцели или на една градежна парцела може да се предвидат површини за градење на две или повеќе градби.

Да се почитуваат членовите 36-40 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Согласно член 4, точка 50 и член 131 став 2 алинеа 3 од Законот за водите (Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), дефиниран е крајбрежен појас во широчина од 50м од границата каде има постојани или сезонски води, што во конкретниот случај е дефинирано во однос на каналот на северо-запад од планскиот опфат, на начин прикажан во графичките прилози и во кој не се дозволени градби.

Имајќи в предвид дека заштитниот појас на површинските води во планскиот опфат зафаќа голема површина, при изработка на основни проекти за изградба на нови градби или доградба и надградба на постојните, а кои поминуваат преку или под површинските води и пак кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежни земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите, да се прибави водостопанска согласност и мислење од Секторот за води при Министерството за животна средина и просторно планирање, а согласно Законот за води(Сл. Весник на РМ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).

При понатамошна разработка на Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, со Архитектонско-урбанистички проект во согласност со член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), задолжително да се почитува ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р1107 Росоман-Кавадарци (според предходна номенклатура Р-108) кој го тангира предметниот плански опфат во согласност со член 40 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16)

7.10. Максимална височина на градбите

Согласно член 41 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18) плански одредби за ограничување на височината на градбите во урбанистичкиот план се висинска кота на тротоар или пристапна сообраќајница, височина на приземна или нулта плоча, максимална височина на градбата, максимален број на спратови, максимална височина на кровната конструкција и правила на градење над максималната височина на градбата.

Висинската кота на тротоарот се уредува во нивелманскиот план кој е графички прилог на урбанистичкиот план и се изразува како кота на надморска височина.

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикална рамнина чијшто пресек со теренот се

совпаѓа со градежната линија или дозволеното пречекорување. Максималната височина на градбата се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела и притоа се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри.

Максималната височина на градбата се формулира како условена планска одредба која се остварува доколку во постапката за спроведување на планот со проектна документација се докаже дека се исполнети услови утврдени со планот за достигнување на максимална височина на градбата, која често се однесува на обезбедување на потребен број на паркинг места согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање.

Согласно член 44 на цитираниот Правилник, при одредување на максималната височина на градбата се почитуваат стечените права од важечките урбанистички планови и документации.

Со Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, за градбите со намена Г2 – Лесна и незагадувачка индустрија, максималната височина на градбите се ограничува на 15,0м, со катност П+3. Постојните градби кои се зафатени со заштитниот крајбрежен појас од 50м во однос на постојниот водотек - канал, ја задржуваат постојната висина и катност.

Висината на приземје како и максимална височина на нултата плоча во однос на котата од заштитниот тротоарот не е дадена и истата зависи од намената на градбата.

Поместување на нултата плоча не треба да се врши под котата на тротоарот.

Максимална височина на слеме е планска одредба која ја претставува највисоката точка на кровната конструкција или највисоката хоризонтална линија на пресекот на накривените рамнини што го формираат покривот. Височината на слемето се одредува и мери од котата на горниот, односно завршниот венец на градбата.

При разработка на планскиот опфат со Архитектонско-урбанистичкиот проект, да се почитуват членовите 41-48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), а во врска со дозволената височина на слемето, можностите за формирање на различни типови на покриви и дозволените одстапувања од силуетата на кровот.

7.11. Процент на изграденост

Согласно член 49 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

Со Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, процентот на изграденост се ограничува на 70.0%.

7.12. Коефициент на искористеност

Согласно член 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18), коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиштето, и се пресметува како

однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна површина се сметаат површините на сите надземни катови изградени од нулта плоча.

Со Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, коефициентот на искористеност се ограничува на 2,8.

7.13. Динамички и стационарен сообраќај

До планскиот опфат, предмет на Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026 изградена е сообраќајна инфраструктура која се состои од земјен пат кој доаѓа од село Глишиќ во северниот дел на планскиот опфат, како и регионален пат Р1107 Росоман-Кавадарци. Согласно известување од ЈП Државни Патишта, Скопје, бр. 10-12209/2 од 25.12.2017 година, регионалниот пат Р1107 Росоман-Кавадарци (според предходна номенклатура Р-108) во плановите на јавното претпријатие за државни патишта не е предвидено проширување ниту менување на сегашната траса. Со предметниот Урбанистички план вон населено место, предвидено е и редефинирање на сообраќајното решение за приклучок на регионалниот пат Р1107 Росоман-Кавадарци, на начин прикажан во графичките прилози.

Сообраќајниот концепт е основа на планските решенија, а е заснован на потребите и барањата на нарачателот на планската документација. Градбите со намена Лесна и незагадувачка индустрија дефинирани со претходна планска документација, имале пристап од улица 1, од север. Ова планско решение е делумно преземено од цитираната ЛУПД за КП 427 и 426/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, лесна индустрија Г2, Решение бр.14-4373/5 од 13.10.2014 год. (Извод бр. 15-1981/2 од 14.04.2016 година), односно со предметниот УПВНМ се предвидува приклучување на сервисната „Улица 1“ на регионалниот пат Р1170 Росоман – Кавадарци, на начин прикажан во графичките прилози. Соодветно на тоа, се обезбедени услови за планирање на идни интерни сообраќајници во рамките на планскиот опфат, согласно член 63 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18). Трасата не регионалниот пат останува не променета, додека за приклучок на сервисна „Улица 1“ се предвидува клинови и ленти за вклучување, односно исклучување и истите се димензионирани согласно позитивните законски и подзаконски акти.

За делот од планираното сообраќајно решение кое е надвор од планскиот опфат, потребно е да се изработи и одобри соодветна урбанистичко-проектна документација и да се обезбеди режим на сообраќај за поврзување на планираната улица „1“ со Регионалниот пат Р1107 пред издавање на одобрение за градба во предметната градежна парцела.

Заради соодветен пристап во градежните парцели кои ќе бидат дефинирани со Архитектонско – урбанистички проект, односно за да се обезбедат услови за планирање на идни интерни сообраќајници во рамките на планскиот опфат, нивелациските коти на постојниот пат се задржуваат во целост.

При понатамошна разработка на Урбанистичкиот план вон населено место на КП бр. 427, 462/1, 462/2, 462/3, 461 и дел од КП бр.1409/4, 1389/2 и 1390/1, м.в. Прогонот, КО Глишиќ, општина Кавадарци, Плански период 2016-2026, со Архитектонско-урбанистички проект во согласност со член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), задолжително да се почитува ширината на заштитниот појас на регионалниот пат Р1107 Росоман-Кавадарци

(според предходна номенклатура Р-108) кој го тангира предметниот плански опфат во согласност со член 40 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ, бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16 и 71/16), како и одредбите од член 313 во Правилникот за технички елементи за изградба и реконструкција на патишта (Сл. Весник на РМ бр. 110/09, 114/09, 26/10, 124/10, 163/10, 94/11 и 146/11, а согласно добиеното позитивно мислење од ЈП Државни патишта писмо бр. 10-6516/2 од 27.06.2018 год., составен дел на овој план.

7.14. Услови за движење на инвалидизирани лица

